Нацрт документ за трета анализа на пазар

“Пазар 1- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници”

Ноември 2016 година

www.aek.mk

Содржина:

1. Вовед 3

2. Правна основа за анализа на пазар 1- Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација 4

3. Цели за спроведување на анализа на пазар 1 – Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници 4

4. Постапка во анализата на пазар 1- Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници 5

5. Нотифицирани оператори на јавна електронска комуникациска мрежа 6

6. Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата 8

7. Развој на пазарот на пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација 9

8. Дефинирање на пазарот за пристап 12

8.1 Вовед 12

8.2 Услуги кои се нудат на пазарот 13

8.2.1 Дали дел од овој релевантен пазар треба да биде услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација на самостојна основа или пак услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација поврзана со други услуги? 14

8.2.2 Дали услугите пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапна телефонска услуга на фиксна локација се дел од истиот пазар? 17

8.2.3 Дали резиденцијалните и деловните корисници се дел од истиот пазар? 20

8.2.4 Дали фиксниот безжичен пристап припаѓа на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација? 23

8.2.5 Дали широкопојасен пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е ефикасен супститут на теснопојасниот пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација? 24

8.2.6 Проценка дали услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и услугата за пристап до јавна мобилна електронска комуникациска мрежа се обезбедуваат во ист релевантен пазар? 27

8.3 Проценка на географскиот пазар 30

8.4 Заклучок од проценката на пазар 1- Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници 34

9. Три критериум тест – малопродажен пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници 36

9.1 Прв критериум - Присуство на високи и постојани бариери за влез кои што можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа 37

9.2 Втор критериум - Структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамки на релевантен временски период 45

9.3 Трет критерум - Недоволност на Законот за заштита на конкуренција (во услови на непостоење на ех-анте регулација) за регулирање на релевантниот пазар 52

9.4 Заклучок од примена на тестот на трите критериуми 54

10. Отповикување на обврски на оператор со значителна пазарна моќ – малопродажен пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација 55

11. Заклучок 58

Графикон 1 Движење на пазарот според број на фиксни линии (пенетрација) 9

Графикон 2 Удел на АО и МКТ според број на фиксни линии за пристап и приходи 2012-2015 . 10

Графикон 3 Пазарен удел на операторите според Q4/2015 11

Графикон 4 Процентуален удел на услуга врзана во пакет 15

Графикон 5 Мрежи на АО според подрачје на покриеност 33

Графикон 6 Пазарен удел според број на претплатници 48

Графикон 7 Пазарен удел според технологија на пристап 49

Табела 1 Претплатници на услуги врзани во пакет 15

1. Вовед

Донесувањето на Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр.13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008,83/2010, 13/2012, 59/2012, 123/2012 и 23/2013) (во понатамошниот текст ЗЕК) во февруари 2005 претставува иницијален момент за процесот на либерализација на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија. На 25.02.2014 година донесен е Законот за електронските комуникации, објавен во Службен Весник бр.39/2014, кој е усогласен со регулаторната рамка на Европската Комисија од 2009 година, со кој се уредуваат условите за надзор и користење на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија. Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК) согласно ЗЕК и подзаконските акти, во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата, обезбедува услови за ефикасна конкуренција и со тоа овозможува еднакво делување на операторите на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија.

Согласно Годишната програма за работа, АЕК спроведе трета анализа на пазар 1- Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација.

АЕК ги повикува сите заинтересирани субјекти да достават забелешки, коментари и мислења на прашањата наведени во овој Нацрт документ. Рокот за доставување на забелешките и коментарите е 30 дена од објавувањето на нацрт документот на веб страната на АЕК. Согласно член 13 од ЗЕК, АЕК јавно ќе ги објави имињата на субјектите и доставените мислења и коментари, при што доверливите информации и податоци нема да бидат објавени. Информациите и податоците кои имаат ознака "строго доверливо" ќе имаат таков третман во АЕК со почитување на доверливоста на истите и ќе се користат единствено од страна на вработените на АЕК, за потребите за кои се побарани и нема да бидат објавени или дистрибуирани во други регулаторни тела.

Овој документ ги презентира заклучоците на АЕК од аспект на дефинирање на релевантниот пазар 1, анализа на истите врз основа на податоци и финансиски информации низ критериумите согласно член 76 и 77 од ЗЕК, одредување дали релевантниот пазар 1 Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е конкурентен пазар или има оператор/ и кој поседува значителна пазарна моќ да дејствува независно од конкурентите и корисниците на истите во однос на цените или понудата, определување на оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар 1 Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и определување на обврски на операторот со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар 1 Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација.

2. Правна основа за анализа на пазар 1- Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација

АЕК врз основа на целта на ЗЕК ("Службен весник на Република Македонија", бр.39/2014) треба да обезбеди:

- поттикнување на развојот на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија, со цел да се обезбеди економски и социјален развој,
- поттикнување на користењето и развојот на широкопојасен пристап до услуги (broadband),
- заштита на правата на корисниците, вклучувајќи ги крајните корисници со инвалидитет и крајните корисници со посебни социјални потреби
- обезбедување на ефикасна и одржлива конкуренција на пазарот за електронски комуникации,
- обезбедување на универзална услуга,
- ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар и нумерацијата,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи и
- обезбедување на доверливост на комуникациите.

АЕК во 2014 година спроведе втора Анализа на релевантниот малопродажен пазар за Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација, со што Македонски Телеком АД го прогласи за оператор кој поседува значителна пазарна моќ на овој релевантен пазар.

Оваа анализа на релевантниот пазар 1 – пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација, се спроведува во согласност со Законот за електронски комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр. 39/2014), важечките подзаконски акти и Методологијата за анализа на релевантни пазари изготвена од страна на АЕК земајќи ги во предвид основните напатствија од Европската комисија (2002/С 165/03)[1] за вршење на анализа на релевантни пазари и утврдување на значителна пазарна моќ согласно ЕК регулаторна рамка за електронски комуникациски мрежи и услуги.

3. Цели за спроведување на анализа на пазар 1 – Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници

Основната цел за спроведување на анализа на овој пазар е да се дефинира пазарот и услугите кои се обезбедуваат на истиот, да се определат операторите кои делуваат на овој пазар, да се определи дали пазарот е доволно конкурентен или се приближува кон состојба на ефективна

[1] Commission guidelines on market analysis and the assessment of significant market power under the Community regulatory framework for electronic communications networks and services (2002/C 165/03)

конкуренција, дали постои оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој поседува економска моќ и капацитет да дејствува во забележителни размери независно од конкурентите и корисниците на тој пазар, односно да се определи дали на пазарот постои оператор со значителна пазарна моќ.

4. Постапка во анализата на пазар 1- Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници

Постапката на определување на оператори со значителна пазарна моќ во областа на електронските комуникации се состои од четири основни чекори:

1. Дефинирање на релевантниот пазар - АЕК врши проценка на релевантните производи и услуги кои се обезбедуваат на релевантниот пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. Врз основа на член 80 од ЗЕК, во процесот на дефинирање на релевантниот пазар, неопходен чекор е и спроведување на три критериум тест со кој се одлучува дали определениот релевантен пазар е подложен на претходна (ex-ante) регулација.

2. Анализа на релевантниот пазар – АЕК ја спроведува анализата на релевантниот пазар во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата. Во рамките на оваа фаза се утврдува дали на пазарот има доволно конкуренција или тој се приближува кон состојба на ефективна конкуренција, или пак постои оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој поседува економска моќ и капацитет да дејствува во забележителни размери независно од конкурентите и корисниците на тој пазар.

3. Определување на оператор со значителна пазарна моќ - согласно членот 82 ставот (1) од ЗЕК доколку АЕК врз основа на анализа на релевантен пазар утврди дека на тој пазар нема доволно ефективна конкуренција има обврска да одлучи кој или кои оператори имаат значителна пазарна моќ на тој пазар во согласност со членот 76 ставовите (1) и (2) од ЗЕК.

4. Определување на обврски на оператор со значителна пазарна моќ на малопродажниот пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација во насока на обезбедување на фер и целосна конкуренција на пазарот. На операторот кој е определен како оператор со значителна пазарна моќ согласно членот 82 став (1), АЕК може да му наметне, продолжи или измени некои од постоечките обврски согласно ЗЕК, кои треба да бидат базирани на природата на идентификуваниот проблем и да бидат пропорционални и оправдани, а во насока на исполнување на регулаторните цели и начела од член 7 од ЗЕК.

Согласно член 79 од ЗЕК "АЕК спроведува анализа на релевентнати пазари имајќи ги предвид препораките на Европската комисија за утврдување на релевантни пазари на производи и

услуги и каде што е соодветно во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата".

Анализата на релевантниот пазар 1 е со современ (forward looking) пристап. Согласно член 81 од ЗЕК – преиспитување на утврден релевантен пазар на производи и услуги "АЕК во определени временски периоди кои не можат да бидат подолги од три години во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата, е должна да го преиспита утврдениот релевантен пазар на производи и услуги".

5. Нотифицирани оператори на јавна електронска комуникациска мрежа

Според службената евиденција на АЕК, нотифицирани субјекти на кои им се доделени серии претплатнички броеви за Јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација се:

1. Македонски Телеком Скопје, ул.„Кеј 13-ти Ноември" бр.6 Скопје,
2. Оне.ВИП Скопје, ул.„Филип Втори Македонски" бр. 3,ДЦ Соравиа,8 кат Скопје,
3. БЛИЗУ Скопје, ул.3-та Македонска Бригада бр.ББ,
4. НЕОТЕЛ Скопје, Бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 15 Скопје,
5. Роби Штип, ул. Ванчо Прќе бр.88 Штип,
6. АЛТРА САТ Охрид, бул. „Македонски Просветители" бб Т.Ц. Охриѓанка Охрид,
7. ИНФЕЛ НЕТПЛУС Охрид, ул. Богомилска бр.Б1, 6000 Охрид,
8. ГИВ Гостивар , Бул.„Браќа Гиноски" бр.217 Гостивар,
9. КАБЛЕ КАЛ Кичево, ул. Тане Цалески ББ Кичево,

Исто така, подолу наведените оператори се нотифицирале во АЕК за обезбедување јавно достапни телефонски услуги но не поседуваат серија на претплатнички броеви.

1. Актон Скопје
2. Телесмарт Телеком Скопје
3. Санет Кабелсат Виница
4. Винсат Кабел Виница
5. Сторк Импекс Скопје
6. Нетконект Скопје
7. ТРД Нет Кабел Струмица
8. Пц4алл Скопје
9. Туше Охрид
10. Нетплус Охрид
11. Албан Нет Дебар
12. М-Инженеринг Штип
13. Ријад Нет Дебар
14. Нетплус Комуникации Скопје
15. Турк Телеком Скопје

16. Филаделфија 2002 Скопје
17. ФНС Глобал Скопје
18. Дип Блу Плус Прилеп

Дел од операторите кои не поседуваат серија на претплатнички броеви се оператори ткн. “ воипери ”, кои обезбедуваат само меѓународни повици до одредени меѓународни дестинации и со тоа соодветно се третираат во малопродажниот пазар 2 – јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници. Овие оператори не ја обезбедуваат услугата пристап која е предмет на релевантниот малопродажен пазар 1.

6. Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата

Согласно член 79, 80, 81 и 82 од ЗЕК при спроведување на анализа на релевантните пазари, преиспитување на утврдени релевантни пазари на производи и услуги како и определување на оператор со значителна пазарна моќ, АЕК соработуваше со Комисијата за заштита на конкуренцијата, која со допис нивни бр. 03-180/2 од 31.10.2016 година и наш бр. 0201-2837/4 од 31.10.2016 година, го даде следното

М и с л е њ е

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Предлог Нацрт документот за анализа на пазар 1 – Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници (ваш допис бр. 0201-2937/3 од 15.09.2016 година) и е согласна со истиот.

Претседател
На комисија за заштита на конкуренција
Благој Чурлинов

7. Развој на пазарот на пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација

Во графиконот бр.1 се прикажани бројот на фиксни линии и промена на индикатор број на фиксни линии според популација 100 на пазарот на пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација во текот на периодот 2012-2015 година. Податоците прикажани во графикот се однесуваат на четвртиот квартал во период од 2012 до 2015 година.



Графикон 1 Движење на пазарот според број на фиксни линии (пенетрација)

Во текот на временскиот период претставен на графиконот може да се забележи дека вредноста на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 од година во година опаѓа поточно, во 2012 година изнесува 19.82, во 2013 година изнесува 19.22; во 2014 се намалува на 18.59 додека во четвртиот квартал од 2015 година индикаторот број на фискни линии според популација 100 изнесува 17.93 .

Во графиконот бр.2 е прикажан уделот на алтернативните оператори и операторот кој со претходната анализа беше прогласен за оператор со значителна пазарна моќ на овој пазар Македонски Телеком АД (во понатамошниот текст МКТ) според фиксни линии и приходи од обезбедување на пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација по квартали во периодот од 2012 до2015 година.



Графикон 2 Удел на АО и МКТ според број на фиксни линии за пристап и приходи 2012-2015

Почнувајќи од вториот квартал во 2008 година на пазарот влегуваат најголем дел од алтернативните оператори кои со текот на времето го зголемуваат своето учество (според приходи и сообраќај) на пазарот на фиксна телефонија, што не е исклучок и за 2015 година. Пазарниот удел на МКТ постојано опаѓа како што може да биде забележано од податоците во овој графикон. Така во периодот претставен во графиконот бр.2 пазарниот удел на МКТ според бројот на фиксни линии од 65.54% во 2012 год опаднал до 60.59% во 2015 год,. Истовремено од друга страна севкупниот пазарен удел според услугата пристап до јавна електронска

Comment [ONE1]: При одредувањето на пазарниот уддел на Македонски Телеком треба да се има во предвид фактот дека речиси сите услугите кои Оне.ВИП ги нуди на своите корисници се обезбедени преку големопродажните услуги на Македонски Телеком.Доколку ваквиот факт се земе во предвид Македонски Телеком обезбедува пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација на повеќе од 75% од вкупниот број на корисници во Република Македонија.

Comment [A2]: Агенцијата како што е наведено во текстот од Анализата заклучи дека пазарниот удел на МКТ опаѓа од година во година во анализираниот период што доведува до констатација дека постои развој на конкуренцијата на релевантниот пазар. Во врска со вашиот коментар кој се однесува на тоа дека Оне.ВИП сите свои услуги ги нуди преку големопродажните услуги на Македонски Телеком и дека според тој податок пазарниот удел на МКТ е всушност повисок Агенцијата Ве известува дека постојано го следи движењето на пазарните удели на операторите на релевантниот пазар. Од последните анализи на пазарните удели може да се заклучи дека после спојувањето на операторите Оне, Вип и Близу во операторот Оне.ВИП постепено се префрлаат и линиите кои што Оне.Вип ги користеше од операторот МКТ со што всушност се зголемува пазарниот удел на алатернативните оператори како што е и заклучено во самата анализа

комуникациска мрежа на фиксна локација на алтернативните оператори расте континуирано и тоа од 34.46% во 2012 до 39.41% во 2015 год. Приходите на пазарот за фиксна телефонија кои што во последните 2 години се во пораст кај СМП операторот на сметка на алтернативните оператори се должи на спојувањето на операторите Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија.Во приходи се вклучени приходите од: почетно приклучување, месечниот надомест, реализираниот телефонски сообраќај и останати приходи (приходи од привремено исклучување, повторно вклучување, приходи од обезбедување дополнителни услуги поврзани со услугата пристап, дополнителни телекомуникациски инсталации и уреди, пренесени броеви, јавни говорници и друго).

Во Графиконот бр 3 е даден уделот на операторите според фиксни линии во 2015 година. Учеството на МКТ (СМП Операторот) во вкупниот број на фиксни линии изнесува 60,59%, додека од алтернативните оператори најголемо учество има оне.ВИП Оператор со 14.63 %, понатаму следуваат: Близу (12.57%), Роби (6.90%), Неотел (3,84%), Инфел Нет Плус (1,24%), Гив Иван (0.13 %), Алтра Сат (0.05%) и Кабел Калл (0.04%)



Графикон 3 Пазарен удел на операторите според Q4/2015

Според погоре наведените податоци можеме да констатираме дека во периодот кој го опфаќа оваа Анализа, забележан е развој на конкуренцијата на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. Оттука забележителен е и порастот на учеството според бројот на фиксни линии на алтернативните опратори како и според приходите. Ваквата констатација доведува до заклучок дека регулаторните мерки што АЕК ги превзема со обврските кои се наметнати на операторот со значителна пазарна моќ на големопродажните поврзани пазари се доволни за развој на конкуренцијата. Поточно од горенаведените податоци АЕК заклучи дека пазарот се движи во насока на ефикасна конкуренција.

Comment [ONE3]: Не се согласуваме со констатацијата на Агенцијата дека во периодот кој го опфаќа оваа Анализа, е забележан развој на конкуренцијата на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. Не се согласуваме со констатцијата дека е забележителен порастот на учеството според бројот на фиксни линии на алтернативните опратори како и според приходите од едноставна причина а тоа изразито високиот пазарен уддел од 60,59% кој Македонски Телеком го има.Изразито високиот пазарен уддел на МКТ не е во корелација со заклучок дека регулаторните мерки што АЕК ги превзема со обврските кои се наметнати на операторот со значителна пазарна моќ на големопродажните поврзани пазари се доволни за развој на конкуренцијата како и заклучокот дека пазарот се движи во насока на ефикасна конкуренција.

Порастот на претплатници е тривијален – 5% во текот на целокупниот период (1.25% годишно), а во последната година има пад. Кај приходите воопшто нема пораст, напротив има пад, за разлика од МТ каде што има мал пораст во однос на 2012, но и тренд на раст од 2013 до сега.

Comment [A4]: Агеницјата како и во претходниот коментар укажува на фактот дека податоците со кои што располага АЕК и кои што се обработувани во текот на анализата на овој релевантен пазар укажуваат на тоа дека пазарниот удел на МКТ се намалува од година во година додека пазарниот удел на алтернативните оператори константно расте. Иако пазарниот удел на МКТ е сеуште висок и истот изнесува 61% сепак во делот пазарен удел може да се забележи константната тенденција на намалување на истиот низ годините. Имено од 2009 год до 2015 год пазарниот удел на МКТ е намален за 22% додека пазарниот удел на алатернативните оператори е пораснат за истиот процент.АЕК во заклучокот на текстот на анализата сака да истакне дека со регулацијата на останатите поврзани големопродажни пазари се створени услуги за развој на алтернативните оператори а со тоа и на конкуренцијата на овој релевантен пазар. Што се однесува до пазарниот удел во приходи на МКТ како што е наведено во текстот на анализата погоре истиот е во благ пораст последните 2 години поради спојувањето на Македонски Телеком и Т-Мобиле.

8. Дефинирање на пазарот за пристап

8.1 Вовед

Дефинирањето на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е првиот чекор во спроведувањето на анализата на овој релевантен пазар. Согласно членот 2 од Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација бр. 02-5015/1 од 23.09.2010 год, релевантен географски пазар на пазарот на електронски комуникации е територијата на Република Македонија.

Европската Комисија во нејзината Препорака од 2007 год [2] (2007/879/EC) продолжува да го идентификува, на малопродажно ниво, пристапот до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници како пазар подложен на ex-ante регулација.

Согласно Упатството за спроведување на Анализа на релевантен пазар усвоено од страна на Европската Комисија "зависно од тоа дали операторот поседува економска сила и моќ, ќе може на определен релевантен пазар да се однесува независно од конкуренцијата, корисниците и претплатниците. Дефиницијата на таков пазар е од фундаментално значење, земајќи предвид дека постоењето на значителна пазарна моќ на операторот може да се процени преку одредување на услугите и нивните карактеристики кои се дел од пазарот како таков." Поради тоа дефиницијата на пазарот не претставува завршна точка во процесот на анализа, туку претставува основа врз која понатаму ќе се прави преглед на пазарот и ќе се разгледува неговата конкурентска состојба. Ова овозможува да бидат разгледани евентуални конкурентни пречки на страната на понудата и побарувачката, гледано во идно време, земајќи го во предвид економскиот и технолошкиот напредок за периодот кој го опфаќа оваа анализа.

АЕК ќе го дефинира релевантниот пазар, ќе ги утврди видот на услугите кои се дел од овој релевантен малопродажен пазар и ќе го дефинира географскиот пазар земајќи ги предвид специфичните околности кои владеат во Р. Македонија.

Во процесот на дефинирање на релевантниот пазар, потребно е да се земе во предвид евентуалното постоење на супституција на страна на понудата и на страна на побарувачката која директно или индиректно предизвикува промени во ценовното однесување на оператор со значителна пазарна моќ на определениот пазар, обезбедувач на услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. Во продолжение кога такви супститути се во состојба да поттикнат однесување од тој вид, тогаш поширока дефиниција на услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација, би било потребно да биде разгледана. Во таа насока ќе биде соодветно да биде разгледана дефиниција на услуга која би содржела и други елементи на услуги, кои во суштина и на прв поглед се незаменливи

[2] COMMISSION RECOMMENDATION of 17 December 2007 on relevant product and service markets within the electronic communications sector susceptible to *ex ante* regulation in accordance with Directive 2002/21/EC of the European Parliament and of the Council on a common regulatory framework for electronic communications networks and services

на страна на понуда или побарувачка со услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. На пример, кога краен корисник купува пакетирана услуга, тогаш целокупниот фокус на малопродажниот пазар е на цената на целиот пакет, наспроти цените на секоја индивидуална услуга што го сочинува тој пакет купена поединечно, од таа причина, дефиниција на пазар за пакетирани услуги би била соодветна иако услугите внатре во пакетот не претставуваат супститут една на друга.

Во случај кога поради постоењето на "трансакциски трошоци", поедноставно и поефтино е користењето на пакетирана услуга, односно користење на услуги од еден добавувач (оператор), пакетираната услуга би можела да се вклучи во дефиницијата за релевантниот пазар. Меѓутоа Извештајот[3] на БЕРЕК (BEREC) за влијанието на пакетираните услуги врз дефиницијата на малопродажните и големопродажните пазари, укажува дека постоењето на одвоени пазари за пакетирани услуги не мора неминовно да значи дека постојат конкурентски проблеми помеѓу индивидуалните услуги во пакетот.

При дефинирањето на клучните претпоставки на оваа Анализа, АЕК се базира и ги зема во предвид информациите и податоците добиени од Кварталните извештаи и Испитувањето на јавното мислење на пазарите на електронски комуникации кои постојат и се објавени на веб страната на АЕК.[4]

8.2 Услуги кои се нудат на пазарот

За да биде одредена големината на овој пазар, АЕК започнува да размислува дали пазарот е поголем од неговата досегашна дефиниција, односно дали во тој пазар спаѓаат и пакетираните услуги како пристап и говор, широкопојасен интернет и телевизија. АЕК разгледува дали дефиницијата на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација треба да содржи и некои дополнителни услуги, односно дали треба да има поширока дефиниција на овој пазар. Понатаму треба да биде одредено дали определени услуги како управуван ВОИП обезбеден преку широкопојасен пристап или мобилен пристап, се дел од евентуална проширена дефиниција на овој пазар. При одредување на пазарната дефиниција потребно е да се разгледаат следните прашања:

- дали дел од овој релевантен пазар треба да биде услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација на самостојна основа или пак услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација поврзана со други услуги?
- дали услугите за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапна телефонска услуга на фиксна локација се дел од истиот пазар?

[3] BoR (10) 64, Report on the Impact of Bundled Offers in Retail and Wholesale Market Definition, December 2010 (page 16)

[4] http://www.aek.mk/mk/dokumenti/izveshtai/kvartalni-izveshtai-za-analiza-na-pazar
http://www.aek.mk/mk/dokumenti/izveshtai/ispituvanje-na-javno-mislenje

- дали резиденцијалните и деловните корисници се дел од истиот пазар?
- дали фиксниот безжичен пристап припаѓа на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација?
- дали широкопојасен пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е ефикасен супститут на теснопојасниот пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација?
- дали услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и услугата за пристап до јавна мобилна електронска комуникациска мрежа се дел од истиот релевантен пазар?
- која е географската големина на пазарот?

8.2.1 Дали дел од овој релевантен пазар треба да биде услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација на самостојна основа или пак услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација поврзана со други услуги?

Дефинирањето на пазарот започнува преку разгледување на потесната дефиниција на услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и оценка дали поширока дефиниција која би вклучила и други услуги кон услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација би било добро да биде разгледана земајќи ги во предвид супституцијата на понудата и на побарувачката за оваа услуга.

Во претходната анализа на овој релевантен пазар беше заклучено дека во 2013 година учеството на ПСТН пристапот на операторот МКТ нагло опаѓа, и тоа од 279.488 ПСТН линии во четврт квартал 2012 на 200 линии во четврт квартал 2013 год. Процесот на миграција на крајните корисници од ПСТН на ИП платформа на операторот МКТ заврши во првиот квартал од 2014 год. Во првиот квартал од 2014 год. операторот МКТ немаше ПСТН претплатници затоа што истите ги мигрираше на ИП платформа.

Јасно е дека постои мотив за операторите на јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација да понудат, а од друга страна корисниците да купат пакетирани услуги. Ваквото пакетирање на услугите не ја менува функционалноста на индивидуалните услуги. Пакетираните услуги едноставно имаат голем бенефит за крајните корисници преку олеснување на трансакциите, постоење договор со еден оператор, добивање сметка од еден оператор (“one stop shopping”). Пакетирањето на услуги може да биде поефтино, во споредба со збирот на трошоци доколку тие услуги би се нуделе поединечно. На страната на понудата постои економија на интеграција, што придонесува до намалување на цената на пакетот од услуги. На пример користа од заедничкиот (синергетски ефект) маркетинг, билинг и грижа за корисници може да биде значителна. Пакетирањето на услуга може да предизвика и

намалување на ризикот од губење на претплатниците на пазари каде што има големи аквизициски трошоци, и може да доведат до зголемување на приходот по корисник иако цената на индивидуалната услуга е намалена. Според податоците со кои располага АЕК а кои се објавени во извештајот за развој на пазарот за електронски комуникации за четвртиот квартал од 2015 година, прикажани во табелата и графиконот подолу, јасно се гледа дека услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е вклучена со 70.74% во вкупниот пазар на пакетирани услуги.



Графикон 4 Процентуален удел на услуга врзана во пакет

ИНДИКАТОР		Q4 2015	Q3 2015	Промена %	Q4 2014	Промена %
Вкупен број на претплатници на услуги врзани во пакет		322.366	320.058	0,72%	303.677	6,15%
1.	Пакет- ТВ, Интернет	59.568	59.701	-0,22%	45.455	31,05%
2.	Пакет- ТВ, Фиксна тел.	17.675	17.658	0,10%	18.675	-5,35%
3.	Пакет- Интернет, Фиксна тел.	62.411	65.085	-4,11%	69.632	-10,37%
4.	Пакет- ТВ, Интернет, Фиксна тел.	160.696	164.249	-2,16%	157.723	1,88%
6.	Пакет- Останати	22.016	13.365	64,73%	12.192	80,58%

Табела 1 Претплатници на услуги врзани во пакет

Од овие причини може да се заклучи дека постои тенденција на раст на користењето на пакетираните услуги на пазарот. Неопходно е да се спомене дека значајниот удел на пакетираните услуги, би можело да биде почетна основа при дефинирањето на релевантниот пазар. Корисникот кој што купува услуги во пакет од еден добавувач, би можел да одлучи истите да ги раздвои и да купува индивидуални услуги од повеќе добавувачи доколку цената на услугите во пакетот би надминала некоја прифатлива граница. Ако е ова случај, тогаш услугите во пакет може да создадат релевантен пазар или да бидат дел од ист релевантен пазар. Наместо ова, компонентите од кои се сочинети пакетираните услуги би биле дел од различни пазари. Европската Комисија во својата препорака[5] посочува дека хипотетскиот монополистичи тест (Small but Significant Non-transitory Increase in Prices - SSNIP) треба да биде користен при одлучувањето дали треба да биде формиран дополнителен посебен пазар за пакети на услуги, истовремено земајќи ги предвид аргументите дека индивидуалните елементи на услугите во пакет создаваат сопствени индивидуални пазари, доколку при секој благ пораст на цената на пакетот доволен број на претплатници се одлучат да ја извадат услугата од пакетот и да ја користат на индивидуална основа од друг добавувач.

Две најчести дефиниции за услуги во пакет кои постојат и се нудат на пазарот се 1) комбинирање на услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и определена количина на минути и 2) услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и говор на која е додадена и услугата широкопојасен интернет пристап. На пример услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е комбинирана со определена количина на "вклучени минути говор", но според податоците со кои АЕК располага често на овој пакет се додава и услугата широкопојасен интернет пристап.

Факт е дека постои растечки тренд на продажба на услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација со услугите говор, интернет или телевизија. Како што е прикажано погоре процентуалниот удел на пакетираните услуги на пазарот во кој дел е и услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е доста високо и според податоците со кои располага АЕК изнесува 70.74%.

Учеството на пакетираните услуги во вкупниот број на фиксни линии изнесува 70.74% (тука се вклучени и услугите ТВ и интернет, каде нема фиксна телефонија). Меѓутоа овие показатели сепак не се доволни за да се дојде до констатација дека пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација веќе не егзистира како самостоен и треба да биде вклучен во некој релевантен пазар на пакетирани услуги.

Во продолжение на овој документ АЕК при разгледувањето на овој пазар и неговото дефинирање ќе ја разгледа можната супституција помеѓу услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и:

- јавно достапна телефонска услуга (фиксна) ,

[5] **EXPLANATORY NOTE - Accompanying document to the - Commission Recommendation on Relevant Product and Service Markets within the electronic communications sector susceptible to ex ante regulation in accordance with Directive 2002/21/EC of the European Parliament and of the Council on a common regulatory framework for electronic communications networks and services C(2007) 5406**

- широкопојасен пристап до интернет,
- фиксен безжичен пристап
- пристап до јавна електронска комуникациска мрежа (мобилна)

8.2.2 Дали услугите пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапна телефонска услуга на фиксна локација се дел од истиот пазар?

АЕК во овој дел анализираше дали услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапна телефонска услуга на фиксна локација се дел од релевантниот пазар 1.

Услугите за пристап и јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација традиционално се нудат на пазарот како пакетирани производи. Тоа е најмногу од причина што операторите имаат придобивки од заедничкото користење на двете услуги. Услугата пристап се состои во инсталацијата и одржување на линија од просториите на крајните корисници до точката на приклучување во јавна електронска комуникациска мрежа. Од друга страна пак, телефонската услуга се состои во врска помеѓу две или повеќе страни преку канал за пренос, дозволувајќи емисија, размена и прием на информации (сигнали и пораки) во рамките на мрежата и помеѓу повеќе мрежи, според серија на претходно дефинирани правила и свеста на инволвираните субјекти. Земајќи ги во предвид физичките и техничките карактеристики на горенаведените услуги може да се заклучи дека истите се комплементари а не заменливи услуги.
Од тие причини АЕК смета дека овие две услуги се комплементарни услуги една на друга. Ова значи дека услугата телефонска услуга се надоврзува на услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација.

Во Одлуката за утврдување на релевантни пазари подложни на претходна регулација која е донесена од страна на директорот на АЕК на 17.09.2010 год, дефинирани се два различни пазари и тоа:

- пазар 1 пристап до телефонска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници
- пазар 2 јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници.

Ставот на АЕК е дека услугите за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапна телефонска услуга на фиксна локација не претставуваат меѓусебно заменливи услуги. Услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација обезбедува пристап на крајниот корисник до мрежата на операторот за обезбедување на говорна услуга или интернет. При купувањето на услугата фиксни говорни повици, претплатникот всушност ја купува и услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. Тоа покажува дека едната услуга е

комплементарна на другата на пазарот и истите се нудат заедно во пакет. Продажбата на пазарот на овој вид пакет кој содржи услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и фиксни говорни повици еволуира со тек на времето под влијание на технолошкиот напредок и под влијание на однесувањето на корисниците, што директно влијае на пакетот. Доказ за тоа е завршениот процес на миграција на корисниците на операторот со значителна пазарна моќ на ИП платформа и користење на ВОИП повици за обезбедување на фиксна телефонија.

На страната на побарувачката постои значителен процент на крајни корисници чија побарувачка за услугата за пристап структурно се разликува од побарувачката за телефонски услуги. На пример, постојат крајни корисници кои се подготвени да направат повици без оглед на нивната цена, но има и такви кои високо ја вреднуваат услугата пристап поради можноста исклучиво да бидат контактирани. Поради таквите карактеристики на услугите за пристап и на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација може да се дојде до заклучок дека тие имаат за цел исполнување на различни потреби, и затоа не претставуваат замена една на друга.

Со оглед на тоа што услугите пристап и телефонски услуги се комплементарни, и тие генерално се продаваат и користат во пакет, постои основа за заедничка анализа на овие услуги. Сепак, би требало да се истакне дека услугата избор на оператор им овозможува на крајните корисници да изберат различен оператор преку кој ќе ја користат услугата за пристап а друг оператор за обезбедување на јавни телефонски услуги.

Како што образложивме услугите пристап и говорни повици се комплементарни услуги една на друга гледано од аспект на побарувачката. Крајниот корисник за да користи јавна телефонска услуга неопходно е да има пристап до мрежата на некој оператор. Ова значи дека побарувачката на двете услуги е зависна една од друга.

Во моментот на пазарот на фиксна телефонија постојат 8 активни оператори кои обезбедуваат фиксни телефонски услуги. Тие не прават поделба на услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапни телефонски услуги (фиксни), односно тие услуги ги продаваат како пакетирана услуга. Главната причина претставува природата на овие две услуги односно крајниот корисник не може да користи услуга за повик од еден оператор без да има обезбедно пристап до неговата мрежа. Во случаеви кога се користи услугата избор на оператор крајниот корисник може да ја користи услугата пристап од еден оператор а услугата повик од друг оператор. Меѓутоа со последната анализа на пазарот 2 Јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници обврската на СМП операторот за обезбедување на овој вид на услуга престана да важи.

Изборот на оператор преку кој крајниот корисник ќе ја обезбедува услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е сериозна одлука која често пати се поврзува со долгорочен договор. Ова е така од причина што услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација создава услови за обезбедување на редица други услуги како повици, телевизија, интернет и други услуги со додадена вредност.

Операторите на пазарот обезбедуваат соодветен попуст при користењето на услугите доколку истите се користат во пакет, во споредба со цените што би ги имале во случај на користење на секоја услуга поединечно. Овие потенцијални фаворизирани цени на пакетираните услуги привлекуваат поголемо внимание од страна на крајните корисници на малопродажниот пазар.

Во пракса крајните корисници се во можност да ги користат услугите за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавна телефонска услуга од различен оператор, со тоа што би имале месечна претплата од инкамбент операторот, а телефонската услуга би им ја обезбедувал алтернативниот оператор (избор на оператор), но во тој случај се соочуваат со ситуација да добиваат две сметки од два различни оператори. Сепак како што напоменавме погоре со последната анализа на пазарот 2 обврската на инкамбент операторот за обезбедување на овој вид на услуга престана да важи. Операторот кој обезбедува услуга пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација, може да ја зголеми цената на оваа услуга, но истиот ризикува да го изгуби крајниот корисник на тој начин што би се префрлил да ја користи услугата за пристап од друг оператор.

АЕК смета дека во пракса во Р.Македонија, корисниците преферираат да ја користат услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавна телефонска услуга од еден ист оператор, имајќи ги предвид поволностите од добивање на единствена сметка за услугите. На тој начин корисникот ги намалува трансакциските трошоци.

Според горенаведеното, може да се заклучи дека услугите пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапна телефонска услуга на фиксна локација се обезбедуваат од еден оператор. Ова навестува дека супституција на страна на побарувачката помеѓу овие две услуги не постои односно истите се комплементарни услуги и како такви се нудат на пазарот

На страна на понудата може да се констатира дека еден оператор кој поседува јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација може многу лесно да одлучи да обезбедува јавно достапни телефонски услуги (фиксни). Доколку на пазарот би настанала ситуација на мало но значително зголемување на цената на фиксните повици, сосема очекувано е операторите кои поседуваат мрежа да најдат свој интерес и да започнат да ја обезбедуваат услугата фиксни говорни повици. Меѓутоа од аспект на постоење на супституција помеѓу услугата пристап и повик не може да се зборува. Операторот што ја обезбедува услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација би ја обезбедувал услугата повик како дополнителна услуга. Во таа смисла јавната телефонска услуга претставува комплементарна услуга на услугата пристап. Ако еден хипотетички монополист на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација посегне кон мало, но значително долгорочно зголемување на цената на услугата за пристап операторите кои обезбедуваат единствено услуги на јавно достапни телефонски услуги (фиксни) нема да бидат во можност да го преориентираат своето производство, со цел да обезбедат услуга на пристап. Имајќи ја предвид економијата на обем и трошоците кои во нормални услови се рентабилни на долг рок, инаку напуштањето на пазарот пред тој временски период ќе претставуваат загуба (sunk costs), АЕК смета дека не постои реална можност за супституција на страната на понудата. Во таа смисла АЕК констатира дека на страна на понудата не постои супституција помеѓу услугите пристап до јавна електронска

комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапна телефонска услуга на фиксна локација.

Состојбата на пазарот во Р Македонија во периодот на изготвување на оваа анализа е таква да крајните корисници ги купуваат овие услуги како пакет на услуга за пристап до мрежа и повици, и тоа од еден ист оператор со што се обезбедува добивање единствена месечна сметка.

Врз основа на претходните проценки, АЕК смета дека услугите за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и услугите за јавно достапни телефонски услуги (фиксни) не преставуваат супституции односно истите се комплементарни услуги и како такви се нудат на пазарот.

Според горекажаното АЕК заклучи дека услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапна телефонска услуга на фиксна локација не се обезбедуваат на истиот релевантен пазар.

8.2.3 Дали резиденцијалните и деловните корисници се дел од истиот пазар?

АЕК е свесна дека различните видови на крајни корисници на услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација изразуваат различни преференции и различна ценовна еластичност. Супституцијата на страната на понудата може исто така да варира кога е во прашање обезбедување на услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за различни кориснички групи во одредени географски области и локации. АЕК го разгледуваше постоењето на супституција помеѓу резиденцијалните и деловните корисници и заклучи дека тие припаѓаат на ист релевантен пазар. Анализата во овој дел се фокусира главно на тоа дали определен резиденцијален корисник би можел во определен временски период да пронајде соодветна понуда од бизнис сегментот која би ги задоволила неговите преференции од услугата, и обратно. Дали супституцијата на понудата во овој случај ќе имплицира комбиниран или засебен пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за овој сегмент на крајни корисници. Во втората анализа на релевантниот малопродажен пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и во препораките на Европската Комисија е утврдено постоење на еден релевантен пазар кој ги опфаќа резиденцијалните и деловните корисници.

За пазарот да биде дефиниран како единствен пазар за резиденцијални и деловни корисници, не е неопходно сите резиденцијални крајни корисници на пазарот да ја сметаат услугата за деловен пристап како заменлива на резиденцијалниот пристап и обратно. Неопходно е значителен дел од крајните корисници да се префрлат на бизнис претплата и користат услуга за пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација, окарактеризирана како бизнис со

цел да реагираат на хипотетскиот монополистички тест за мало но значително покачување на цените на услугата.

Секој краен корисник во основа ја купува услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација имајќи ја предвид нејзината основна вредност а тоа е пристапна линија до мрежата на операторот. Пример, при употребата на услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација, технички се користи истата услуга како и за обезбедување на услугата фиксни говорни повици и понатаму останатите комплементарни услуги на нив. Основната функционалност на услугата пристап независно дали ќе се обезбедува за резиденцијални или деловни крајни корисници е потполно еднаква. Може да постојат разлики од аспект на грижа за корисниците, техничка подршка, поправки итн. Операторот има посебни одделенија за подршка на големите деловни корисници (key account), рокови за поправка на водовите и договори кои се поврзани со одредено ниво на SLA (service level agreement).

Во временскиот период на изготвување на анализата може да се забележи дека скоро сите оператори на пазарот кои ја обезбедуваат услугата пристап, ја нудат и на резиденцијални и на деловни корисници. Понудите за деловни корисници имаат тенденција да бидат повеќе прилагодливи на потребите на деловните корисници отколку понудите за резиденцијалните корисници. Може да постои разлика во некои дополнителни услуги кај бизнис понудата во смисла на засилена 24 часовна подршка и одржување на линија, различно време на одговор и поправки итн. Деловните понуди генерално опфаќаат добивање повеќе линии на една претплата и со една месечна сметка, повици внатре во компанијата преку централа одржувана од операторот, повеќекратни дојдовни повици истовремено на истиот број. Овие разлики би можеле да бидат разгледувани како различен пазар но само во случај кога истите би биле толку големи и различно вреднувани во голема мера како производ диференциран од оној на резиденцијалните корисници што ќе има соодветно влијание при спроведување на хипотетскиот монополистички тест.

Голем дел од компаниите во Македонија, се рангирани како мали бизниси и не вработуваат повеќе од 10-ина вработени. Најчесто овие компании функционираат од единствена канцеларија. Барањата и потребите за фиксна линија кај овие бизниси воглавно не се разликува многу од барањата на едно домаќинство. Поради тоа АЕК ќе го испитува ова влијание и разлики во однесувањето на резиденцијалните и деловните корисници на услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. Важно е да се процени дали разликите во начинот на кој домаќинствата ја користат услугата за пристап и деловниот корисник се значителни што може да предизвика сместување на овие форми на пристап во различен релевантен пазар.

Повеќето деловни корисници побаруваат фиксен пристап како примарна точка за контакт со нивните потрошувачи. Оттаму бизнисот може да биде помалку осетлив на висината на цената за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. Постои разлика и од аспект на повиците кон мобилни мрежи, така што деловните корисници многу почесто повикуваат броеви во мобилни мрежи отколку што тоа го прават домаќинствата.

Покрај овие разлики, постојат доста идентични причини за начинот на кој се вреднува и користи услугата за пристап од деловните и од резиденцијалните корисници. Услугата за

пристап типично се користи како платформа за обезбедување на јавно достапни телефонски услуги (фиксни). Останати услуги како на пример широкопојасен интернет пристап се користат како дополнителни услуги или најчесто како дел од пакет. И деловните и резиденцијалните корисници вреднуваат исти фактори при изборот на операторот а тоа се, трошок за месечна претплата, трошоците за остварување на повик и вреднувањето на пакетот од услуги што се нуди.

Прилагодувањето на договорот на определени посебни барања на деловниот корисник не е секогаш случај. И од аспект на договорот голем дел од деловните корисници го користат стандардниот претплатнички договор што е користен и од страна на резиденцијалните корисници. Во Македонија постојат огромен број на мали претпријатија кои што имаат слични потреби за комуникациски услуги со домаќинствата.. Оттука и не постои значителна разлика во договорите помеѓу крајните корисници на услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација.

Разлики помеѓу овие две форми на услуги, како и појава на некаков прекин во супституцијата помеѓу нив може да се појават само кога станува збор за функционалност на определена форма на пристап. Во определени случаеви деловните корисници може да побараат телефонска линија со повеќе говорни канали .

Износот на месечна претплата за услугата за пристап до телефонска линија со еден говорен канал е идентична, независно од тоа дали ја користи резиденцијален или деловен краен корисник и истата изнесува 399 мкд. Понатаму, операторите не прават разлика помеѓу цената за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа од аспект на корисникот. Значи и резиденцијален и деловен краен корисник може да земе телефонска линија со еден или повеќе говорни канали и не би имал разлика во цената за пристап само поради тоа што е деловен корисник.

Повисоката цена која постои кај пакетите за деловни корисници се оправдува со дополнителна функционалност и услуги кои ги добива корисникот. Најчесто волуменот на минути, чекање на повик, проследување на повик, конференциска врска, идентификација на повикувач, се услуги кои се повеќе користени од деловните корисници. Операторите нудат малку поразлична услуга односно пакет на услуга за поголемите бизниси кои имаат специфични барања. Деловните корисници може да купуваат пристап до телефонска линија со повеќе говорни канали како и дополнителни услуги како виртуелна приватна мрежа “virtual private network-VPN”. Дополнително и изнајмените линии и безжичните линкови се купувани од страна на деловните единици како форма на пристап до мрежата на операторот заради остварување на пренос на податоци. Овие форми на пристап имаат сосема различен сет на карактеристики на услугата од основната услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација.

Тргнувајќи од состојбата на пазарот во Македонија каде што покрај алтернативните оператори и операторот со значителна пазарна моќ целосно ги префрли своите корисници на ИП платформа и обезбедува ВОИП услуги, може да констатираме дека операторот може многу лесно користејќи ја истата технологија да обезбеди пристап подеднакво како за резиденцијални и за деловни крајни корисници. Операторот лесно може користејќи ја ИП платформата и ВОИП услугите да обезбедува телефонски линии со еден или повеќе говорни

канали и со тоа да ги задоволи потребите на сите крајни корисници. Главна пречка која би можела да се појави е кога операторот не е во можност во определени подрачја да пристапи на мрежната инфраструктура и да обезбеди услуга со доволен капацитет за поголем корпоративен корисник. Но доколку би бил во можност да обезбеди пристап до мрежа тогаш би бил во состојба да ги обезбедува и резиденцијалните и деловните понуди. Кога станува збор за определени индустријализирани подрачја каде на пример кабелските оператори немаат сопствена мрежа, тие не се во состојба да обезбедат деловни понуда. Меѓутоа имајќи во предвид дека во принцип малите и средни претпријатија како и резиденцијалните корисници се наоѓаат во градски средини во тој случај операторот или давател на услуга лесно може да создаде и да понуди услуга на резиденцијални и на деловни крајни корисници. Тука супституцијата на страната на понудата на услугите е очигледна.

Врз основа на горенаведеното може да се заклучи дека услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници претставува дел од еден ист пазар. Физичката инфраструктура за пристап е слична или идентична за обезбедување на деловна и резиденцијална понуда. Иако постојат разлики во интензитетот и самото користење на услугата за пристап од страна на резиденцијалните и деловните корисници, сепак е малку веројатно дека станува збор за различна форма на услуга. Ова го потврдува фактот дека сите оператори во Македонија кои работат на фиксниот пазар, обезбедуваат понуди и за резиденцијални и за деловни крајни корисници.

8.2.4 Дали фиксниот безжичен пристап припаѓа на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација?

Главното прашање при дефинирање на пазарот од аспект на услугата за теснопојасен пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е во која мера крајните корисници би се одлучиле да се префрлат од една форма на теснопојасен пристап на друга како резултат на мало зголемување на цените. Покрај ценовната се разгледува и евентуална функционална заменливост која постои помеѓу формите на теснопојасен пристап како последица на мало зголемување на цените.

Во Македонија од страна на еден оператор се обезбедува услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација преку фиксниот безжичен пристап (FWA). Операторот оне.ВИП ја обезбедува оваа форма на пристап. Често иако се смета дека оваа услуга се користи во руралните предели каде што операторите немаат кабелска мрежна инфраструктура, сепак истат услуга се користи и во урбанизираните средини. Услугата за фиксен безжичен пристап не се смета дека е различна од услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за обезбедување телефонска линија со еден говорен канал преку бакарна мрежа. Операторот оне.ВИП кој во Р.Македонија обезбедува фиксни говорни услуги не обезбедува широкопојасен интернет преку фиксниот безжичен пристап. Операторот МКТ како оператор со значителна пазарна моќ на овој релевантен пазар не ја обезбедува оваа форма на пристап за своите крајни корисници.

Оттука, АЕК во врска со функционална супституитивност заклучува:

- услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација преку фиксен безжичен пристап функционално не е различна од услугата пристап преку јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и може да биде користена како надополнување во понуда на операторот;

Корисникот на телефонска линија преку ИП платформа кој користи ВОИП говорна услуга може по своја желба да избере број на говорни канали. Технологијата преку која се обезбедува услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа (фиксна) обезбедена преку ИП платформа е идентична независно од бројот на говорни канали што ги побарал корисникот. Во овој контекст телефонската линија со еден говорен канал може да биде обезбедена и со фиксниот безжичен пристап и со јавна електронска комуникациска мрежа (фиксна) преку бакар.

Пристапот до телефонска линија со еден или повеќе говорни канали може да биде обезбеден од операторот со значителна пазарна моќ како и од останатите оператори кои поседуваат ИП платформа и преку истата да обезбедат јавно достапни телефонски услуги (фиксни). Од технолошки аспект не постои никаква пречка еден оператор кој што поседува или изнајмува мрежна инфраструктура да ја обезбеди услугата пристап и фиксни говорни повици на краен корисник независно дали истиот би побарал еден или повеќе говорни канали.

Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација како услуга е обезбедена преку пристапот до телефонска линија со (еден или повеќе говорни канали) преку бакарна мрежа и фиксниот безжичен пристап. Помеѓу овие форми на пристап постои извесна супституитивност и поради тоа АЕК заклучи дека истите припаѓаат на ист релевантен пазар.

8.2.5 Дали широкопојасен пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е ефикасен супституит на теснопојасниот пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација?

Во дефиницијата на пазарот за пристап до услуги со широк опсег АЕК го исклучи теснопојасниот пристап до мрежа од истиот релевантен пазар врз основа на тоа дека теснопојасниот пристап не обезбедува еквивалентна функционалност на услугите со широк опсег и не е соодветна замена. Земајќи ги предвид техничките карактеристики на широкопојасниот пристап, Европската комисија истакнува дека теснопојасниот пристап ќе биде во посебен пазар "бидејќи услугата и/или карактеристиките на квалитетот на тие услуги (вклучувајќи ги и нивните upload и download брзини), кои можат да бидат понудени преку теснопојасниот пристап не претставуваат остварлива замена од гледна точка на крајниот корисник кој што користи широкопојасен пристап до мрежата.

Comment [DC5]: Ова е конфузно! Како може да се смета дека не постои функционална разлика помеѓу нормален фиксен пристап и FWA, а во исто време FWA да се третира како „надополнување".

Comment [A6]: Забелешката од коментарот се прифаќа. Текстот во финалниот документ на анализата ќе биде изменет со тоа што ќе се појасни дека услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација преку фиксен безжичен пристап исто така може да биде користена во понудата на операторот, а зборот надополнување ќе биде избришан од текстот.

АЕК смета дека супституцијата во поглед на гореспоменатите услуги би можела да биде асиметрична. На пример, теснопојасниот пристап не подржува пренос на податоци со високи брзини, но широкопојасниот пристап може да биде и е користен како платформа за обезбедување на пристап до управувани ВОИП говорни услуги на фиксна локација.

ВОИП (Voice over IP) се однесува на комуникациски протоколи, технологии, методологии и трансмисиски техники за пренос на телефонски повици преку ИП (Internet Protocol). Главната причина поради која операторите користат ВОИП е заштедата на трошоци која произлегува од можноста за рутирање на телефонските повици преку постоечката, податочна мрежа. Традиционалните говорни сервиси користат ТДМ (Time Division Multiplexing) пренос и SS7 сигнализација, додека ВОИП користи ИП и други придружни технологии. ВОИП услугата во зависност од начинот на доставување до корисникот може да биде:

1. управувана ВОИП услуга и
2. неуправувана ВОИП услуга.

Операторите кои овозможуваат управувани ВОИП услуги поседуваат своја платформа за комутација на повици и интерконекција и имаат контрола на локалната пристапна инфраструктура која самите ја поседуваат или пак ја изнајмуваат од друг оператор. Управуваните ВОИП услуги вклучуваат механизми како што е приоритизација на сервиси преку кои се обезбедува квалитет на сервис со собирање на сите податочни пакети и манипулирање со нив преку софистициран софтвер.

Голем број на оператори веќе обезбедуваат јавно достапни телефонски услуги (фиксни) до крајните корисници, со користење на ВОИП технологија преку широкопојасен пристап, како дел од еден поширок пакет на услуги. Користењето на широкопојасен пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација се повеќе ја зголеми употребата на управувани ВОИП услуги кои што се во голема мерка слични на традиционалните говорни услуги кои се нудат преку теснопојасните ПСТН и ИСДН форми на пристап. Таквите услуги се обезбедуваат од речиси сите алтернативни кабелски оператори кои што нудат различни фиксни говорни услуги пакетирани со услугата за пренос на податоци (интернет) и телевизиски услуги преку кабелска мрежа. Управуваните ВОИП услуги, во моментов, во Република Македонија се обезбедуваат исто така и од страна на операторот со значителна пазарна моќ-МКТ., Операторот МКТ до крајот на 2013 год го заврши процесот на миграција на својата мрежа кон ИП базирана мрежна инфраструктура. Според тоа овој оператор веќе не ги обезбедува традиционалните телефонски услуги преку комутација на кола, и сите негови крајни корисници се префрлени на користење на ВОИП услуги преку новата ИП платформа. Операторот МКТ веќе не користи теснопојасен пристап за обезбедување на услугата пристап и јавно достапни телефонски услуги (фиксни).

Од аспект на функционалноста постојат повеќе оператори кои ја обезбедуваат услугата управуван ВОИП на крајните корисници преку употреба на широкопојасен пристап до мрежа. АЕК смета дека услугата пристап преку управувана ВОИП платформа на корисниците им овозможува слични функционалности како и услугата за пристап преку ПСТН/ИСДН.

Во продолжение се набројани сличните/истите функционалности на гореспоменатата услуга:

- Пристап до јавна комуникациска мрежа на фиксна локација;
- Можност за примање и започнување на повик на фиксна локација со секоја друга нумерирана телефонска линија;
- Географски број (со префикс според националната распределба);
- Пристап до броеви за итни случаи;
- Телефонски уред ист како стандардниот ПСТН уред.

Од корисничка перспектива телефонската услуга во поглед на обезбедувањето на говор преку управуван ВОИП се смета за слична или еднаква на услугата на говор обезбедена преку традиционалниот теснопојасен пристап на мрежа.
Иако платформата за обезбедување на услугата е различна, управуваниот ВОИП преку широкопојасниот пристап обезбедува функционална еднаквост и тоа во поглед на:

- Услугата се обезбедува на фиксна локација;
- Вклучува користење на уред со стандардна фиксна телефонска функционалност и перформанси;
- Процесот на започнување на повик е ист;
- Телефонот има еднаква конекција со традиционалните телефони.

Во пракса користењето на услугите пристап и говор преку управуван ВОИП е едноставно и корисниците најчесто не се свесни дека користат ВОИП наместо традиционална телефонска линија. Квалитетот на широкопојасниот пристап има влијание врз квалитетот на ВОИП услугата во поглед на брзината и доцнењето на звукот на услугата која се нуди на крајните корисници. Операторот го контролира и управува со квалитативните параметри на пристапот и јавно достапните телефонски услуги кои користат управуван ВОИП.

Неуправуваните ВОИП услуги исто така се нудат од трети страни добавувачи (како што е Skype, Google, Viber и др). Неуправувани ВОИП услуги се обезбедуваат од страна на оператори кои немаат пристап или контрола на локалната пристапна инфраструктура и не поседуваат своја платформа за комутација на повици и интерконекција. Ваквиот тип на ВОИП услуги се најчесто бесплатни или имаат мала цена.
Овие неуправувани ВОИП услуги се поделени на:

1. Услуги кои што им овозможуваат на крајните корисници да остваруваат повици кон други РС корисници преку Интернет. Гласот најпрвин се компримира преку софтвер инсталиран на РС или на телефони кои овозможуваат ВОИП и потоа се дели на мали податочни пакети кои што се рутираат преку Интернет до целната дестинација. Бидејќи Интернет мрежата е неконтролирана овие пакети може да стигнуваат до дестинацијата преку различни рути, па некои пакети во секвенцата може да стигнат пред некои други или воопшто да не стигнат до дестинацијата (best-effort service). Како последица, корисниците може да се соочат со проблеми со латентноста (доцнењето), ехо па дури и недостигање на цели зборови.

2. Услуги кои што им овозможуваат на крајните корисници да остваруваат повици кон било кој E.164 број од нивниот компјутер. Во овој случај крајниот корисник склучува комерцијален договор со ВОИП провајдер.

Крајните корисници најчесто не го сметаат широкопојасниот пристап до неуправуваните ВОИП услуги како супститут на пристапот за услугите во фиксна телефонија поради тоа што истите не гарантираат конзистентност во квалитетот на услугата. Неуправуваните ВОИП услуги кои што овозможуваат појдовни и дојдовни телефонски повици се слични на услугата која што се обезбедува преку фиксна телефонија, но не е целосно споредлива поради тоа што, иако квалитетот на гласот која е обезбеден преку неуправуван ВОИП е сличен со услугите во фиксна телефонија, квалитетот на услугата неможе во целост да биде гарантиран, бидејќи услугите обезбедени преку неуправуван ВОИП бараат дополнителни хардверски уреди и/или софтвер.

Во врска со овие неуправувани ВОИП услуги, ревидираната препорака на ЕУ[6] наведува дека "врз основа на разликите на квалитетот и карактеристиките на производот неуправувани ВОИП услуги во моментов не претставуваат супститут на традиционалната телефонија споредбено со управуваните ВОИП услуги, меѓутоа таа дистинкција може да се промени со текот на времето доколку квалитетот на неуправуваната ВОИП услуга се подобри и техничките карактеристики се променат".

Управуваните ВОИП услуги кои што се обезбедуваат преку широкопојасен пристап до мрежа, претставуваат супститут на традиционалната фиксна телефонија. Управуваните ВОИП услуги овозможуваат говорни повици помеѓу крајните корисници со гарантиран квалитет кој е сличен на квалитетот на повици воспоставени во традиционалните телефонски мрежи (ПСТН мрежи). За да се воспостават повици потребно е да се обезбеди терминален адаптер во прилог на конвенционалниот телефон. Со оглед на нивото на учество на ВОИП повиците во вкупните повици, можеме да заклучиме дека во Македонија широкопојасниот пристап и ВОИП телефонијата целосно ја замени традиционалната фиксна телефонија. Според тоа може да се донесе заклучок дека широкопојасниот пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација треба да биде вклучен во релевантниот малопродажниот пазар за пристап, додека традиционалниот теснопојасен пристап до мрежа веќе не го обезбедува ниту еден оператор.

8.2.6 Проценка дали услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и услугата за пристап до јавна мобилна електронска комуникациска мрежа се обезбедуваат во ист релевантен пазар?

Со одлуката за утврдување на релевантни пазари во РМ, а воедно и во Препораката на Европската комисија[7] се дефинирани различни пазари за пристап до јавна електронска

[6] Revised ERG Common Position on the approach to Appropriate remedies in the ECNS regulatory framework

Линк до документот:
http://www.irg.eu/streaming/erg_06_33_remedies_common_position_june_06.pdf?contentId=542920&field=ATTACHED_FILE

[7] http://ec.europa.eu/information_society/policy/ecomm/doc/library/proposals/rec_markets_en.pdf

комуникациска мрежа на фиксна локација и пазар за пристап до јавна мобилна електронска комуникациска мрежа. При проценката дали овие две услуги за пристап се обезбедуваат на ист релевантен пазар АЕК ќе утврди во која мера крајните корисници ја гледаат јавната мобилна електронска комуникациска мрежа како супститут за пристапот до јавна телефонска мрежа на фиксна локација.

АЕК со оваа анализа врши проценка дали услугите што се обезбедуваат на пазарите за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и пазарот за пристап до јавна мобилна електронска комуникациска мрежа се обезбедуваат на ист релевантен пазар односно се меѓусебно заменливи. Една од главните разлики помеѓу услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и услугата за пристап до јавна мобилна електронска комуникациска мрежа е мобилноста, што значи пристапот се остварува без оглед на локацијата. Како резултат на карактеристика на мобилност, иако слични услуги можат да бидат обезбедени на двата пазари, услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и услугите за јавно достапни телефонски услуги (фиксни) по дефиниција не ја содржат карактеристиката на целосна мобилност.

Меѓутоа, постои можност крајните корисници да вршат супституција единствено во една насока, односно да го супституираат фиксниот пристап со мобилниот пристап. Од технички аспект, пристапот до мобилна мрежа може да го замени пристапот до фиксна мрежа, бидејќи крајните корисници можат да пристапат до мрежа заради иницирање и примање на повици исто како што би пристапиле користејќи фиксна конекција. АЕК главната разлика помеѓу двата видови на пристап ја гледа во квалитетот на услугата и капацитетот на преносот на податоци. Во моментот, не е веројатно дека крајните корисници што користат пристап до фиксна линија со цел остварување на повици и широкопојасен пристап до интернет, ќе го сметаат пристапот до мобилна мрежа за близок супститут.

Навистина е тешко да се направи споредба помеѓу цената за пристап до фиксна мрежа и цената за пристап до мобилна мрежа, бидејќи пристапот до мобилна мрежа вообичаено вклучува и сообраќај кој што следува за определен износ на месечна претплата. Бидејќи во мобилната телефонија во износот на месечна претплата не е содржан трошок за пристап (во неа се содржани минути разговор) на мрежата, според тоа крајниот корисник различно го вреднува пристапот до фиксна мрежа од пристапот до мобилна мрежа.

Поради различната ценовна структура на услугите за пристап до фиксна и мобилна мрежа помеѓу различните оператори, се јавува потешкотија за разделување на побарувачката за пристап и побарувачката за повици. Проценката на побарувачката за повици е разгледувана во документот за анализа на малопродажниот пазар за јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници (пазар 2). Во таа анализа се проценува дека цените за оригинирање на повик од мобилна мрежа се значително повисоки во однос на оригинирање на повик од мрежа на фиксна локација. Комбинирано со високото ниво на осетливост на цените, овие разлики укажуваат дека во временската рамка на оваа

анализа крајните корисници на фиксни линии нема да се откажат од користење на услугите преку јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и да преминат на користење на услуги преку јавна електронска комуникациска мрежа (мобилна). АЕК воедно забележува дека фиксниот пристап како услуга е врзан за одредена локација и истиот може да се користи од повеќе крајни корисници наспроти мобилниот пристап кој генерално се поврзува со еден претплатник.

Испитувањето на јавното мислење на резиденцијалните корисници спроведено во март 2014 год покажа дека крајните корисници прават јасна предност и разлика помеѓу фиксна кон фиксна комуникација наспроти мобилна кон мобилна комуникација. Имено, 63% од крајните корисници се изјасниле дека телефонираат од фиксен на фиксен телефон секогаш кога имаат потреба, додека 16% од крајните корисници се изјасниле дека телефонираат од фиксен на мобилен секогаш кога имаат потреба. Од друга страна пак 29% од крајните корисници се изјасниле дека телефонираат од мобилен на фиксен телефон секогаш кога имаат потреба додека 93% од истите се изјасниле дека телефонираат од мобилен на мобилен телефон секогаш кога имаат потреба. Ова покажува дека двете услуги се комплементарни.
Дека пристапот до јавни електронски комуникациски мрежи (мобилни) не преставува супститут за услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација укажува и фактот дека мобилниот интернет не е соодветен супститут на фиксниот интернет пристап. И покрај појавата на новите технологии (3G, LTE) за пренос на податоци , сеуште не преставуваат супститут на широкопојасниот пристап до интернет кој се овозможува преку фиксен пристап (xDSL, кабелски, оптика или безжична технологија). Во поглед на функционалноста мобилниот интернет користен преку мобилен апарат е лимитиран во поглед на големината на екранот, резулуцијата и пристапот до одредени апликации, додека мобилниот интернет преку компјутер е исто така ограничен од аспект на брзината на симнување на податоци. Корисник на интернет кој користи фиксен пристап до интернет симнува повеќе податоци од корисник кој користи мобилен интернет.АЕК смета дека крајните корисници го користат мобилниот интернет како дополнителна услуга за пристап до интернет и најчесто преку својот мобилен апарат а многу малку користејќи дедицирани дата сим картички за употреба на таблет компјутери. АЕК го следи трендот на зголемување на користењето на двата типа на интернет и како и во претходниот случај смета дека тие преставуваат комплементарни услуги кои ја задоволуваат пабарувачката на пазарот.

Врз основа на погоре кажаното АЕК заклучи дека услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа (мобилна) не преставува супститут за услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација.

Доколку помеѓу двете форми на пристап постои супституција, операторите при определено дополнително зголемување на цената за услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа (мобилна), ќе имаат интерес да започнат да ја обезбедуваат истата. Малку е веројатно дека оператор на јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација ќе одлучи да гради нова мобилна мрежа. Ова се должи на високиот износ на потребните финансиски средства, потребното време за спроведување на самата инвестиција,

но и поради регулираниот пристап до радио-фреквенцискиот спектар, како ограничен национален ресурс.

Од другата страна, мобилен оператор кој размислува за влез на пазарите за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапни телефонски услуги (фиксна) ќе треба да обезбеди производ и/или услуга која го задоволува квалитетот на фиксната телефонија и да обезбеди конкурентна цена. Обезбедувањето на услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација од страна на постоен мобилен оператор бара дополнителни инвестиции. Воедно, оператор на мобилна мрежа може да се појави како оператор за обезбедување на услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и јавно достапни телефонски услуги (фиксна)преку користење на големопродажни услуги на постоечките оператори кои поседуваат сопствена мрежа. Понатаму, услугата што ќе ја нуди треба да биде со квалитет споредлив со квалитетот на услугата остварена преку јавна фиксна телефонска мрежа. Оператор на мобилна телефонија може да одлучи да настапи на пазарот на фиксна телефонија, но услугата фиксна телефонија ја третира како услуга која е дополнителна на услугите кои веќе ги обезбедува на пазарот но не и да го напушти пазарот за обезбедување на услуги преку јавна мобилна мрежа и да се ориентира да обезбедува исклучиво услуги преку јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. Постојат повеќе мотиви за донесување на одлука за влез на друг пазар заради обезбедување на дополнителна услуга како на пример збогатување на своето портфолио, зголемување на неговата конкурентност на пазарот, бренд, препознатливост и др.

Врз основа на претходните проценки, АЕК смета дека услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и услугата за пристап до јавна мобилна електронска комуникациска мрежа не претставуваат супститути. Врз основа на тоа истите не се обезбедуваат во ист релевантен пазар. Крајните корисници имаат јасна склоност кон користење на двата вида на пристап за задоволување на различни потреби.

8.3 Проценка на географскиот пазар

Релевантниот географски пазар ја опфаќа територијата на која операторите се активни чинители од аспект на понуда и побарувачка на релевантни производи и услуги, во која територија условите на конкуренција се слични или доволно хомогени, и истите можат да бидат разграничени од соседните региони во кои преовладуваат услови на конкуренција кои се значително различни.
Географската димензија на релевантните пазари се определува имајќи го во предвид подрачјето покриено со мрежа и постоењето на легални или други регулаторни инструменти.

Како почетна точка во анализата за дефинирање на географскиот пазар е хипотетичкиот монополистички тест според кој се утврдува дали постои доволна супституција на страната на побарувачката и на страната на понудата помеѓу различни региони. Хипотетичкиот монополистички тест во пракса би можел да има одредени недостатоци при одредување на географскиот опсег на пазарот за пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација.

На пример, од аспект на побарувачката крајниот корисник би можел единствено да одбере оператор кој работи во географскиот регион во кој се наоѓа крајниот корисник. Во ваквиот случај промената на операторот од страна на крајниот корисник е практично лимитирана. Крајниот корисник не е во можност да го почувствува бенефитот од пониски цени за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација понудени од страна на други оператори кои работат надвор од неговиот географски регион. Супституцијата на страната на понудата бара значителни трошоци (sunk costs) од страна на операторите за изградба или трансформација на својата мрежа за обезбедување на услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација кои во голема мера го отежнуваат повратокот на трошоците. Резултатот од ваквиот хипотетички монополистички тест веројатно би бил екстремно тесна дефиниција на пазарот која што не би ја одразувала актуелната состојба на пазарот односно конкурентниот притисок кој што постои.

Со оглед на горенаведеното потребно е да се направи проценка на хомогеноста на условите помеѓу географските региони. Во врска со таквата проценка целта на АЕК е да ги определи границите на географскиот пазар на база на јасно дефинираните географски региони:
“Во кои условите се доволно хомогени и кои што можат да бидат оделени од соседните региони од причина што конкурентските услови се забележливо различни во тие региони’.
Европската комисија потенцира дека доколку националните регулатори тела дефинираат географски под-пазари тогаш:

- “Дефиницијата на географските под-пазари треба да биде базирана на темелна анализа на структурните и факторите на однесување на конкретниот под-пазар”

Во согласност со Упатството издадено од Европската комисија, географските димензии на релевантниот пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација се разгледуваат во поголеми детали на база на широка и детална проценка на двете структурни и критериуми на однесување, вклучувајќи ги условите за влез на пазарот и развојот на операторите, пазарниот удел во определни региони, малопродажните цени и начинот на маркетинг во истите, размислувањето за некои географски различности во карактеристиките на малопродажните услуги.

Согласно со Методологијата за анализа на релевантни пазари на АЕК објавена на www.aec.mk, географската димензија на релевантните пазари најчесто се определува имајќи ги предвид следните два критериуми:

- Подрачје покриено со мрежа
- Постоење на легални или други регулаторни инструменти

Врз оваа основа, географските пазари можат да бидат дефинирани како локални, национални или пак пазари кои покриваат територија на две или повеќе држави.

Географскиот пазар вклучува одредена територија во која се нудат соодветните меѓусебно заменливи јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги и во која конкурентните услови се исти и се разликуваат од оние во соседните области.

- Подрачје покриено со мрежа

Поради присуството на врска помеѓу пазарниот удел и покриеноста на мрежата и фактот дека операторите кои обезбедуваат јавни електронски услуги обично применуваат еднакви цени на територијата која е покриена од нивните мрежи, првата фаза на испитување на присуство на географски подпазари зависи од покриеноста на мрежата на операторот со поголем пазарен удел на релевантниот пазар на услуги.

МКТ е оператор со најголем пазарен удел (60.59%) на дефинираниот малопродажен пазар за фиксна телефонија според податоците од четвртиот квартал од 2015 год. Тука треба да биде земено во предвид дека МКТ има изградена мрежа со национално покривање и да се напомене и фактот дека нуди еднакви услуги со еднакви цени и еднакви услови за обезбедување на услугата за целата територија на Република Македонија.

- Постоење на легални или други регулаторни инструменти

Според член 60 став 1 - Постапка за нотификација "Пред започнување со обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги се доставува нотификација до АЕК." Операторите кои за овозможување на своите услуги е потребно да користат ограничени ресурси треба да поднесат барање за нивно користење за потоа АЕК да им издаде одобрение за користење на истите. Поради тоа АЕК смета дека не постојат разлики во однос на бариерите за влез на малопродажниот пазар на пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација на одредени географски пазари.

Прв чекор на националното регулаторно тело треба да биде утврдувањето дали постои доказ за географската сегментација или пак има докази кои укажуваат на постоењето на еден национален пазар.

Географска сегментација на конкретен пазар е соодветно да се направи откако ќе се докаже дека конкурентните услови во даден регион се разликува од оние во соседните региони. Спроведувањето на детална географска анализа е оправдано во случај да се исполнети следниве услови:

- еден или неколку од алтернативните оператори имаат значителна, но помалку од национална покриеност на мрежите на територијата на земјата и вршат значителен конкурентен притисок во областите во кои спроведуваат активности;



	Северен централен	Северен западен	Северен источен	Јужен централен	Јужен западен	Јужен источен
CaTV	4	2	3	8	2	4
LAN	14	2	9	3	14	2
FTTH	2	1	1	1	0	1
ВКУПНО	20	5	13	12	16	7

Графикон 5 Мрежи на АО според подрачје на покриеност

Во графиконот 6 е даден приказ на мрежната покриеност на алтернативни оператори кои можат да ја обезбедат услугата широкопојасен пристап и со тоа да обезбедуваат ВОИП телефонија. Меѓутоа, сепак треба да се има во предвид дека тука се наведени сите оператори без разлика дали се активни на пазарот на фиксна телефонија или не учествуваат на истиот. Во Р Македонија постојат кабелски оператори кои обезбедуваат услуги на малопродажните пазари на фиксна телефонија односно ја обезбедуваат услугата пристап. Како поголеми кабелски оператори кои преку CaTV и LAN технологии обезбедуваат пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација се Роби (Аикол) и Близу. Меѓутоа овие оператори немаат национална покриеност. Постојат и други помали оператори како на пример Инфелнет плус од Охрид, Гив од Гостивар кои што обезбедуваат услуги во фиксна телефонија меѓутоа истите работат само локално на подарачје на еден град или општина.

Важно е да се напомене дека единствените оператори кои обезбедуваат услуги на пазарот на фиксна телефонија и имаат национална покриеност е операторот МКТ (кој поседува сопствена мрежна инфраструктура) како и операторот оне.ВИП како оператор кој преку мрежата на МКТ обезбедува услуги. Операторот Неотел е исто така важен учесник на овој малопродажен пазар меѓутоа истиот нема националан покриеност и најчесто ги користи мрежите на локалните кабелски оператори за да обезбедува услуги на пазарот на фиксна телефонија.

Според тоа може да се заклучи дека операторот со значителна пазарна моќ МКТ, е единствениот оператор кој поседува мрежна инфраструктура со целосна национална покриеност . Операторот МКТ е во состојба да ја обезбедува услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација на територија на целата држава.

- операторот со значителна пазарна моќ дава услуги со различни цени во различни региони на земјата или применува единствени национални цени кои се разликуваат значително од цените на алтернативните оператори;

Операторот со значителна пазарна моќ МКТ за овој вид на услуга обезбедува исти цени и еднакви услови во различни региони на земјата односно применува единствени национални цени. Според заклучоците од претходната анализа на овој пазар, на операторот со значителна пазарна моќ е наметната обврска за регулирање на малопродажните цени како и обврска за обезбедување единствен ценовник и негова достава на одобрување во АЕК. Алтернативните оператори кои ја обезбедуваат услугата користејќи ги големопродажните услуги на операторот МКТ, на малопродажно ниво ги реплицираат цените на услугите. Според тоа не постои и некоја значителна разлика во цените. Мала разлика во цените за услугата пристап постои кога се разгледува истата кај кабелските оператори кои се активни на пазарот на фиксна телефонија. Меѓутоа треба да се напомене дека кабелскиот оператор трошокот за одржување на пристапната инфраструктура го надополнува со месечна претплата за телевизиски приклучок и оттука истиот не наплаќа дополнително за пристап (поради тоа што пристапот е веќе обезбеден).

- постојат значителни географски разлики во карактеристиките на понудените услуги во однос на брзината, гарантираниот квалитет и др.

Со миграција на ИП платформа на корисниците на МКТ, на пазарот за фиксна телефонија во Р.Македонија речиси сите оператори обезбедуваат ВОИП телефонија. На тој начин може да се каже дека услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација како и услугата за јавно достапните телефонски повици претставуваат услуги кои имаат слични карактеристики и гарантиран квалитет.

Според погоре кажаното, АЕК констатира дека географскиот опфат на овој малопродажен пазар е целата територија на Република македонија.

8.4 Заклучок од проценката на пазар 1- Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници

Врз основа на проценката на супституцијата помеѓу услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација анализирана на самостојна основа или пак поврзана со други услуги во пакет, АЕК заклучи дека значителен процент од крајните корисници на операторот со значителна пазарна моќ или 40.04% сеуште ја користат услугата пристап на самостојна основа. Според тоа, услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација на самостојна основа за обезбедување на фиксни говорни услуги е дел од дефиницијата на овој пазар, додека дополнителните услуги кои што можат да се обезбедат преку услугата за пристап не претставуваат дел од овој релевантен пазар.

Врз основа на направените проценки, АЕК заклучи дека услугите за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација и услугите за јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација не се обезбедуваат во ист релевантен пазар. Тие се меѓусебно комплементарни и не претставуваат супститути.

АЕК заклучи дека услугата широкопојасен пристап до мрежа за обезбедување на управувани ВОИП услуги е дел од истиот пазар како и услугите кои се обезбедуваат преку теснопојасниот пристап до мрежа.

Услугите за пристап до јавна мобилна комуникациска мрежа не се дел од овој релевантен пазар.

Врз основа на направените проценки, АЕК заклучува дека и понатаму услугата за пристап за резиденцијални корисници и пристап за деловни крајни корисници се обезбедуваат на ист релевантен пазар.

Врз основа на направените проценки за супституција помеѓу услугите на малопродажно ниво, АЕК заклучи дека дефиницијата на овој релевантен пазар за пристап ги содржи следните услуги:

- пристап до управувана ВОИП услуга преку широкопојасна DSL конекција, кабел, оптика,
- фиксен безжичен пристап (FWA – со користење на Wi Fi и WiMax технологија),
- пристап до мрежа адаптирана за обезбедување услуги на фиксна локација (fixed GSM);

Врз основа на направените проценки, АЕК заклучи дека релевантен географски пазар за пазарот за пристап, предмет на оваа анализа е територијата на Република Македонија.

Релевантниот пазар за **Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници**, вклучува секаков облик на поврзување до електронска комуникациска мрежа која овозможува пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници, независно од физичката инфраструктура или технологијата која се користи. Всушност, АЕК го зема во предвид поврзувањето до мрежа односно пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација која му овозможува на крајниот корисник да иницира и/или прима локални, национални, меѓународни јавно достапни телефонски услуги, да иницира и/или прима факс и други поврзани услуги за резиденцијални и деловни корисници. Пристапот може да се обезбедува на повеќе начини имајќи го во предвид операторот кој ја обезбедува услугата и технологијата која се користи за обезбедување на истата. Ова значи дека овој релевантен пазар не е лимитиран на пристап на традиционална пристапна мрежа содржана од бакарни парици, туку исто така го вклучува и пристапот до јавна електронска комуникациска мрежа овозможен преку други видови на мрежи кои овозможуваат пристап на фиксна локација (вклучувајќи кабелски ТВ мрежи, оптички мрежи, мобилни мрежи адаптирани да обезбедуваат услуги на фиксна локација и безжични мрежи).

9. Три критериум тест – малопродажен пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници

Следен чекор во анализата е примената на три критериум тест со цел да се утврди дали пазарот за услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација треба да биде предмет на ex-ante регулација. Согласно членот 79 – спроведување на анализа на релевантните пазари од ЗЕК (Сл. весник 39 / 2014), АЕК во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата спроведува анализа на релевантните пазари имајќи ги предвид препораките на Европската комисија за утврдување на релевантни пазари на производи и услуги

Согласно членот 80 –(Утврдување на релевантни пазари на производи и услуги став 2) (ЗЕК), при утврдувањето на релевантните пазари на производи и услуги АЕК треба да утврди дека кумулативно се исполнети следниве три критериуми:

- присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа,
- структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамките на релевантен временски период и
- Законот за заштита на конкуренцијата не е доволен сам да ги разреши проблемите на пазарот.

Во случај кога истовремено се задоволени сите три критериуми, АЕК може да утврди релевантен пазар подложен на претходна регулација на кој нема воопшто или има недоволна конкурентност по што ќе спроведе анализа со која ке се утврди нивото на пазарна конкуренција, односно ќе се утврди дали на пазарот постои оператор кој поседува значителна пазарна моќ.

Согласно членот 81 – преиспитување на утврден релевантен пазар на производи и услуги (ЗЕК), АЕК во определени временски периоди кои не можат да бидат подолги од три години во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата, е должна да го преиспита утврдениот релевантен пазар на производи и услуги. Во согласност со овој член АЕК на почетокот од анализата на релевантниот малопродажен пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација, ќе спроведе три критериум тест со кој ќе испита дали и понатаму се исполнети сите критериуми неопходни за претходна регулација на истиот.

Главната разлика помеѓу три критериум тестот и процесот на анализирање на пазарот, е тоа што со три критериум тестот се става акцент на развојот и структурата на пазарот, а во процесот на спроведување на анализа на релевантниот пазар акцентот се става на односот помеѓу операторите кои дејствуваат на тој релевантен пазар, можноста од злоупотреба на доминантна пазарна моќ од страна на еден оператор и постоење можност за потенцијално неконкурентско однесување.

9.1 Прв критериум - Присуство на високи и постојани бариери за влез кои што можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа

Согласно ЗЕК, Методологијата за анализа на релевантните пазари на АЕК и Упатството на Европската комисија за анализа на пазари и проценка на пазарна моќ.... (2002/C 165/03)[8], бариерите кои се јавуваат како резултат на структурните карактеристики на релевантниот пазар се дефинирани како структурни бариери а бариерите кои се јавуваат како резултат на правни и регулаторни окружувања се дефинирани како легални бариери.

При анализата согласно со овој критериум АЕК го истражува постоењето на високи и постојани структурни, правни или регулаторни бариери за влез на одреден пазар во рамките на временска рамка до следната анализа а која согласно член 81 од ЗЕК не може да биде подолг од три години.

- ❖ Структурни Бариери

Структурни бариери за влез на пазарот се оние кои се појавуваат како резултат на потребните првични трошоци или условите на побарувачката и создаваат нееднакви услови помеѓу операторот со значителна пазарна моќ на пазарот и останатите оператори на електронски комуникациски мрежи/услуги кои што сакаат да влезат на пазарот односно го отежнуваат или попречуваат влезот на нови играчи на пазарот. Присуството на високи и постојани бариери за влез е главна препрека за развој на ефективна конкуренција. Бариерата за влез претставува рестрикција за влез на релевантен пазар која им овозможува на постојните оператори да ги зголемат цените над реалното конкурентно ниво.

Извештајот на ERG[10] содржи листа на индикатори кои, во согласност со Насоките на Комисијата за 2002 година, може да бидат корисни за националните регулаторни тела при проценка на големината на бариерите за влез:

- Неповратни трошоци (sunk cost)
- Контрола на инфраструктурата која неможе да се дуплицира
- Технолошки предности
- Економија на обем и економија на интеграција
- Високо развиена дистрибутивна и продажна мрежа
- Диверзификација на производи/услуги (пакетирање на производи/услуги)

[8] Commission guidelines on market analysis and the assessment of significant market power under the Community regulatory framework for electronic communications networks and services (2002/C 165/03)

[10] The document (ERG(08)21- ERG Report on Guidance on the application of the three criteria test) is available at: http://www.irg.eu/streaming/erg_08_21_erg_rep_3crit_test_final_080604.pdf?contentId=545221&field=ATTACHED_FILE.

Во продолжение АЕК ќе ги анализира наведените индикатори со цел проценување на големината на структурните бариери за влез на пазарот.

- Неповратни трошоци и контрола на инфраструктура која неможе лесно да се дуплира

Неповратни трошоци, се трошоци кои операторот мора да ги направи за да влезе на пазарот а истите неможе да бидат повратени. Овие фиксни трошоци не се менуваат со количината на производство, и не зависат од временскиот период во кој операторот ќе остане на пазарот. Високите неповратни трошоци го прават влезот на пазарот помалку атрактивен и од таа перспектива се сметаат за бариера за влез на пазарот.
Некои телекомуникациски инфраструктури вклучуваат високи неповратни трошоци и долги временски периоди за изградба на истите. Ова особено се однесува на бакарната мрежи, која традиционално се користи за обезбедување на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација. Таа претставува инфраструктура која не е лесно да се дуплира во одреден временски период. Во Р.Македонија само операторот со значителна пазарна моќ Македонски Телеком поседува таква бакарна мрежа која е распространета на целата територија на државата. Високите неповратни трошоци во дуплирањето на бакарната мрежа на Македонски Телеком кое што би претставувало бариера за брз и ефективен влез на пазарот, мора да биде анализирано од аспект на големопродажните понуди на СМП операторот, како и од се поголемиот развој на новите генерации на мрежи (коаксијални кабелски и оптички мрежи) од страна на алтернативните оператори на пазарот. Ваквите мрежи се широко распространети на целата територија на државата.
Контрола на инфраструктурата која не може лесно да се дуплира е тесно поврзана со постоењето на неповратни трошоци (sunk cost). Инфраструктурата која не може лесно да се дуплира претставува индикација за пазарна моќ која ја уживаат постоечките мрежни оператори и истовремено ги зголемува бариерите за влез на новите потенцијални учесници, што укажува на фактот дека постои значајна бариера за влез на пазарот.

Ако оператор има контрола на инфраструктурата која не може лесно да се дуплира, а таа инфраструктура преставува значаен влезен фактор на релевантниот пазар, тоа може да преставува значајна бариера за влез за потенцијалните конкуренти. Разгледувањето на овој фактор е поврзан со апсолутната големина на операторот, како и проценка на економии на обем, економии на интеграција и неповратни трошоци. Капиталните вложувања потребни за изградба на пристапна мрежна инфраструктура се многу високи и потребно е време за враќање на инвестицијата за новите оператори кои сакаат да влезат на релевантниот пазар.

Обезбедувањето на услугите од алтернативните оператори преку ИП платформа придонесува широкопојасниот пристап , да поттикне висок степен на конкуренција на пазарот за пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација. АЕК смета дека присуството на алтернативна широкопојасна инфраструктура има позитивно влијание на конкуренцијата на пазарот на пристап и претставува намалување на бариерите за влез на релевантниот пазар. Покрај тоа, со регулирање на големопродажната услуга на релевантниот пазар можно е да влезат и

оператори без притоа да имаат потреба да ја реплицираат мрежната инфраструктура на МКТ. Операторите на електронски комуникациски услуги кои сакаат да влезат или да се развиваат на овој пазар тоа може да го направат со користење на големопродажните услуги за изнајмување на големо на претплатнички линии, разврзан пристап на локална јамка и битстрим пристап. Со помош на овие регулирани услуги од страна на АЕК операторите можат да се појават на малопродажниот пазар како понудувачи на услуги во фиксната телефонија преку користење на мрежата на МКТ. Можноста за користење на овие услуги претставува доволно силен конкурентен фактор за да значително влијае на пазарот и да поттикне промена на структурата на пазарот во иднина.

Изнајмување на пристап до физичка мрежна инфраструктура може да се користи за влез или проширување на малопродажнииот пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. Големопродажните услуги може да се употребат за обезбедување на услугата пристап до фиксен говор со што би се избегнало реплицирање на пристапната мрежа (локална јамка). Во пракса алтернативните оператори поретко се одлучуваат за развој на сопствена пристапна мрежна инфраструктура поради големите вложувања кои се потребни да се направат. За да обезбедат понуда на говор преку широкопојасен пристап, операторите на електронски комуникациски услуги може да користат целосно разврзан пристап на локална јамка или некое ниво на битстрим пристап од МКТ и на своите крајни корисници да им обезбедат говор преку управувана ВОИП услуга без да користат услуга за изнајмување на големо на претплатничка линија.

Големопродажниот битстрим пристап (WBA – wholesale broadbend access) е овозможен да се користи со услуга за изнајмување на големо на претплатничка линија (WLR – wholesale line rental) со цел давателот на услуга да може да ги обезбеди услугите пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација, фиксни говорни повици и широкопојасен пристап до интернет. Меѓутоа со преминот на ИП платформа од страна на операторот со значителна пазарна моќ МКТ, се очекува користењето на овој вид услуга да биде намалено односно целосно укинато. Во иднина операторот би обезбедувал говорни повици преку ВОИП технологија, со користење самостоен битстрим пристап (Standalone WBA) преку кој може да обезбеди и говорен повик и широкопојасен интернет пристап.

За обезбедување на услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација операторот може да користи и услуга разврзан пристап до локална јамка, но бидејќи треба да изгради сопствена инфраструктура и да дојде до DSLAM на МКТ, тоа би значело реплицирање на инфраструктурата на МКТ и поголеми вложувања што од аспект на економија на обем е оправдано во урбаните средини.

Големопродажните надоместоци во последните години за овие услуги бележеа голем пад со што несомнено се направи голем чекор и можност за алтернативните оператори. Оператор кој има намера да понуди фиксен пристап со телефонски разговори, лесно може да го направи тоа преку искористување на предностите на IP технологијата.

Достапноста на широк спектар на големопродажни услуги има позитивно влијание врз конкурентската динамика на големопродажно ниво (преку намалување на бариери за влез на операторите на електронски комуникациски услуги).

Во периодот кој го опфаќа третата анализа на малопродажниот пазар, направени се големи структурни промени на пазарот. Се појавија нови оператори, пред се кабелските оператори со

сопствена мрежна инфраструктура и на тој начин започнаа со обезбедување на фиксни телефонски услуги (пристап и говор). Исто така присутни се безжични технологии (Wi Fi, WiMax). Станува збор за паралелни мрежни инфраструктури кои може да ги обезбедуваат фиксните телефонски услуги (пристап и говор) на ист начин како и МКТ.
Исто така АЕК сака да истакне дека алтернативните оператори во Р.Македонија имаат успешно развиено пристапни мрежи: 1.ВОИП услуга преку широкопојасна DSL конекција, кабел, оптика; 2. фиксен безжичен пристап FWA – со користење на Wi Fi и WiMax технологија; 3. fixed GSM. Оние оператори кои немаат сопствена мрежна инфраструктура, релативно лесно може да се влезат на пазарот по пат на користење на големопродажни продукти, воглавно ULL и BSA.
Според пазарните состојби како и образложеното погоре, АЕК констатира дека на пазарот за пристап до јавна електронска мрежа на фискна локација не постојат високи бариери за влез од аспект на неповратни трошоци и контрола на инфраструктурата која неможе лесно да се дуплира.

- Технолошки предности и супериорност

Алтернативните оператори користат неколку технологии за да обезбедат телефонски услуги на фиксна локација.
Овие технологии, базирани на IP протоколот се технолошки еднакви со технологијата користена од страна на СМП операторот МКТ. Имено, новите генерации на мрежи користени од кабелските оператори (DOCSIS 3.0) ги имаат истите карактеристики на оптичката мрежа на СМП операторот.

- Економија на обем и економија на интеграција

Економии на обем се карактеристика на производните процеси кои содржат високи фиксни трошоци, кои се типични за пазарите за електронски комуникации. Економија на обем постои кога зголемувањето на производството доведува до намалување на просечните трошоци по единица производ. Доколку постои, економијата на обем може да дејствува како ограничување за влез или како предност во однос на постојните конкуренти на пазарот. Ова е карактеристика на линии на производството базирани на технологии со релативно високи фиксни трошоци и пониски варијабилни трошоци.
Од аспект на инфраструктурата потребна за обезбедување на услуги на релевантниот пазар, предмет на оваа анализа економијата на обем може да придонесе за поинтензивно и пооптимално искористување на мрежата. Ова е важно во сектори каде постојат повисоки фиксни трошоци за обезбедување на некоја услуга, и според тоа колку поголема количина на определена услуга е произведена толку е помал трошокот по единица производ.
Достапноста на алтернативни големопродажни услуги како развврзана локална јамка има потенцијал за намалување на влијанието на економијата на обем и интеграција како бариери за влез, бидејќи оваа големопродажна услуга може да се користи од страна на алтернативен оператор за обезбедување на услугата пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација, така што давателите на електронски комуникациски услуги можат да го развијат спектарот на малопродажни услуги.

Широкопојасниот пристап до мрежа (WBA) во пракса може да се користи за обезбедување на управувани ВОИП услуги како дополнување на широкопојасниот пристап до интернет.

Преку услугата "Naked DSL" дигитална претплатничка линија од МКТ на големопродажно ниво, алтернативните оператори обезбедуваат управувани ВОИП услуги и широкопојасен интернет преку ДСЛ мрежата на МКТ. На тој начин алтернативните оператори избегнуваат трошоци за обезбедување на ПСТН пристап, а со тоа се овозможува ефикасност преку обезбедување на две услуги преку една платформа.

Големопродажните услуги кои што беа споменати погоре помагаат да се ублажат бариерите за влез на пазарот од аспект на високи фиксни трошоци. Имено регулираните цени кои се пресметани на база на трошоците на СМП операторот овозможуваат да алтернативните оператори ја обезбедат услугата пристап до јавна електронска мрежа на фиксна локација со пониски трошоци односно со малку повисоки трошоци од тие на СМП операторот.
Исто така понудите за пристап базирани на ИП протокол како и на останатите безжични технолигии кои што во моментот на изработка на анализата се широко распространети на целата територија на државата допринесуваат за зголемување на конкуренцијата помеѓу алтернативните оператори и СМП операторот.

Економиите на интеграција постојат кога просечниот трошок по единица производ или услуга се намалува како последица на производството на тој производ или услуга заедно со други производи или услуги. Економијата на интеграција го намалува трошокот за обезбедување на индивидуална услуга и доведува до намалување на просечниот трошок по едница производ или услуга. Економијата на интеграција е присутна кога услугите се обезбедуваат преку унифицирана мрежа а капацитетот на таа мрежа може да се подели помеѓу различни услуги.
Од аспект на инфраструктурата потребна за обезбедување на услуги на релевантниот пазар економијата на интеграција е присутна кога на пример капацитетот на мрежата се користи за обезбедување на различни услуги.
Економиите на интеграција на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација се изразени преку се поголемата употреба на пакетираните услуги на пазарот. Истите се нудат на пазарот како од СМП операторот така и од алтернативните оператори. Овие услуги му нудат можност на корисникот за добивање на единствена сметка за користење на повеќе услуги а воедно и ја зголемуваат економијата на интеграција кај операторите. Во поглед на користењето на економијата на интеграција АЕК смета дека СМП операторот нема предност во однос на алтернативните оператори кои преку различни технологии нудат широк спектар на пакетирани услуги кои го вклучуваат пристапот до мрежа на фиксна локација.

- Високо развиена дистрибутивна и продажна мрежа

Алтернативните оператори кои што делуваат на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација исто како и СМП операторот прогласен со претходната анализа МКТ имаат високо развиена дистрибутивна и продажна мрежа на целата територија на РМ.

Comment [ONE7]: Не станува збор за една платформа.Напротив алтернативните оператори мора да поседуваат сопствена телефонска централа.Разликата е само во пристапот до крајниот корисник.

Comment [A8]: Коментарот се прифаќа. Текстот во финалниот документ на анализата ќе биде избришан после запирката од зборот пристап.

Comment [ONE9]: Апсолутно не се согласуваме со констатацијата на Агенцијата дека Алтернативните оператори кои што делуваат на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација исто како и СМП операторот прогласен со претходната анализа МКТ имаат високо развиена дистрибутивна и продажна мрежа на целата територија на РМ.

Comment [A10]: Коментарот делумно се прифаќа со тоа што ќе се направи дополнително појаснување во финалниот текст на анализата каде што ќе стои дека некои од алтернативните оператори како што се ВИП и Телекабел имаат високо развиена дистрибутивна и продажна мрежа скоро на исто ниво како и операторот МКТ. Таквите развиени мрежи на некои од алтернативните оператори доприносуваат во развојот на конкуренцијата на релевантниот пазар.

Во пракса алтернативните оператори имаат свои продажни салони во кои што нудат различни типови на услуги кои вклучуваат пристап до мрежа на фискна локација со што претставуваат конкуренција на дистрибутивната и продажна мрежа на МКТ.

- Диверзификација на производи/услуги (пакетирање на производи/услуги)

Диверзификација на производи и услуги може да претставува ефективна бариера на влез на пазарот во присуство на високи фиксни трошоци. Ако операторот на пазарот е во состојба да понуди голем спектар на продукти и услуги, би било потешко на новите потенцијални оператори кои што сакаат да влезат на пазарот да се фокусираат на одреден сегмент на пазарот. Во присуство на високи фиксни трошоци потребни за обезбедување на секој тип на производ или услуга диверзификацијата на производи и услуги претставува висока бариера за влез на пазарот.
На релевантниот пазар предмет на анализа диверзификацијата на производи и услуги може да биде анализирана од две различни перспективи

1. Пакетирање на одредени услуги од различна природа во еден пакет
2. Понудување на различни видови на тарифи за фиксни телефонски услуги

Во врска со првата поточка факт е дека во Р.Македонија постојат голем спектар на пакетирани услуги кои што вклучуваат услуги за пристап до мрежа на фиксна локација, други фиксни услуги, мобилни услуги и ред други услуги. Сепак АЕК би сакал да нагласи дека ваквата стратегија на пакетирање на услуги е присутна кај поголем дел од операторите на пазарот, односно освен СМП операторот и алтернативните оператори имаат слични стратегии за пакетирање на услуги со кои што би придобиле поголем број на пратплатници. Од тие причини АЕК смета дека стратегијата за пакетирање на производи и услуги не претставува бариера за влез на пазарот и со неа не може да се направи ограничување на конкуренцијата на истиот туку спротивно на тоа го зголемува изборот на оператор за обезбедување на одредена услуга односно доведува до зголемување на конкуренцијата на пазарот.
АЕК смета дека и втората поточка која се однесува на различни тарифи за фиксни телефонски услуги не претставува бариера за влез на релевантниот пазар. Ваквиот заклучок на АЕК се темели на фактот што некои од помалите алтернативни оператори влезот на пазарот го остварија точно таргетирајќи одреден сегмент на пазарот без оглед на општата диверзификација на производи и услуги на пазарот. Некои од операторите го ставија својот акцент на резиденцијалните корисници понудувајќи тарифи односно договори кои што се на неопределено време додека други оператори својот бизнис план го темелат на бизнис корисниците и нудат тарифи кои што се слични а во некои случаи и поефтини од они на СМП операторот.

Во согласност со горекажаното АЕК смета дека критериумот дивезификација на производи и услуги не претставува бариера за влез на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација.

Comment [ONE11]: Сметаме дека стратегијата за пакетирање на производи и услуги претставува исклучителна бариера за влез на пазарот и истата може да се се искористи во насока на ограничување на конкуренцијата.Ваквата стратегија и во овој момент се користи од страна на МКТ посебно со инволвирање на телевизијата како нерегулиран сервис.Дерегулацијата која се предложува ќе значи само зголемување на опциите на МКТ за креирање на пакетирани услуги кои во никој случај нема да можат да бидат реплицирани од страна на алтернативните оператори.

Comment [A12]: Податоците со кои располага АЕК а кои се доставуваат од страна на операторите покажуваат дека поголем дел од алтернативните оператори нудат пакетирани услуги на пазарот за електронски комуникации. Алтернативните оператори поради тоа што поседуваат сопствена мрежна инфраструктура во подрачјата каде работат, најголем дел од нив се во можност да пакетираат услуги како тв и интернет а често се надополнува и фиксната телефонија. Имајќи предвид дека пазарот на фиксна телефонија опаѓа, услугите тв и интернет се далеку поконкурентни. Ова значи дека операторите најчесто обезбедуваат три услуги : фиксен говор, тв и интернет, но реалната состојба е дека добар дел од корисниците говорот воопшто не го користат. Токму поради можноста речиси сите алтернативни оператори да обезбедат пакетирана услуга, истата не претставува значајна конкурентна предност кај било кој оператор. Дури операторите истата можат да ја обезбедуваат користејќи ги големопродажните услуги на Македонски Телеком АД како регулиран оператор и на тој начин да обезбедат пакет од услуги и таму каде немаат сопствена мрежна инфраструктура. Поради ова АЕК констатира дека критериумот пакетирање на одредени услуги од различна природа во еден пакет не создава конкурентна бариера.

❖ Заклучок за структурни бариери за влез

На пазарот кој е предмет на разгледување, два силни фактори имаат решавачко влијание на нивото за бариери за влез. Првиот фактор е од регулаторен апсект односно регулацијата на големопродажните услуги додека другиот е слободните комерцијални активности на конкурентските компании и зголемениот технолошки развој во поглед на обезбедувањето на услугата за пристап.

Наметнатата регулацијата на одредени големопродажни услуги на МКТ ефективно придонесуваат за намалување на структурните бариери за влез. АЕК смета дека тие ќе продолжат да влијаат врз развојот на сопствените мрежи на алтернативните оператори како и на времето потребно за влез на релевантниот пазар. Во пракса можноста за користењето на големопродажните регулирани услуги овозможува алтернативните оператори без поголеми фиксни и неповратни трошоци туку со само малку повисоки трошоци од тие на СМП операторот да придобијат пазарен удел а во некои случаи и да се искачат погоре на инвестициското скалило.

Технолошкиот развој и зголемената побарувачка за користење на пакетираните услуги овозможува полесен влез на алтернативните оператори на пазарот за пристап со помош на сопствени мрежи базирани на ИП протокол како и останати безжични технологии.

Ваквата зголемена технолошка конкуренција овозможува алтернативните оператори да се натпреваруваат со СМП операторот на пазарот за пристап. Со комерцијалната слобода при формирањето на своите цени за услугите тие го зголемуваат конкурентскиот притисок врз формирањето на цените за услугите на корисниците.

Со горенаведените аргументи АЕК смета дека првиот критериум за определување на пазари подложни на ex-ante регулација кој што се однесува на високи и постојани бариери за влез на пазарот за пристап до јавна електронска мрежа на фиксна локација во Р.Македонија не е исполнет. Поточно во моментот нема структурни бариери за влез на релевантиот пазар кои што би спречиле висок степен на конкуренција на истиот.

- Легални и регулаторни бариери

Врз основа на препораките на Европската комисија, легалните и регулаторните бариери не зависат од економски услови, но произлегуваат од законодавни, административни или други слични мерки кои индиректно влијаат на влезот на нови оператори/учесници на пазарот.

Врз основа на Извештајот за три критериа тест број 080604 од Групата на европски регулатори (ERG), главните легални бариери за влез на пазарот се следните:

- Потребата за административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа;
- Ограничувања и услови поврзани со употребата на радиофреквенцискиот спектар;
- Влијание на начинот на кој е поставена регулативата за нови оператори/учесници кои планираат да влезат на пазарот.

Comment [ONE13]: Ако се земе во предвид дека во овој момент само 2 оператори ја користат мрежата на МКТ не се согласуваме дека досегашната регулација ги постигнала целите за воспоставување на истата а тоа е овоможување на полесен влез на алтернативните оператори на соосдветниот пазар и пониски трошоци.

Comment [A14]: АЕК смета дека операторите на електронски комуникациски услуги кои сакаат да влезат или да се развиваат на овој пазар тоа може да го направат со користење на големопродажните услуги за пристап. Големопродажните надоместоци во последните години за овие услуги бележеа голем пад со што несомнено се направи голем чекор и можност за алтернативните оператори. Оператор кој има намера да понуди фиксен пристап со телефонски разговори, лесно може да го направи тоа преку искористување на предностите на IP технологијата. Од причина што и покрај намалувањето на надоместоците на големопродажните услуги алтернативните оператори не ја зголемија употребата на истите АЕК заклучи дека алтернативните оператори во Р.Македонија имаат успешно развиени пристапни мрежи: 1.ВОИП услуга преку широкопојасна DSL конекција, кабел, оптика; 2. фиксен безжичен пристап FWA – со користење на Wi Fi и WiMax технологија; 3. fixed GSM. Ваквиот заклучок на АЕК се темели на фактот што алтернативните оператори од година во година го зголемуваат пазарниот удел на пазарот иако истовремено во голема мера не ги користат големопродажните услуги од СМП операторот.

- Потребата за административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа;

Согласно ЗЕК во член 60 став (1) е наведено дека пред започнување со обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги се доставува нотификација до АЕК. Во член 60 став (2) се наведува дека врз основа на нотификацијата од ставот (1) на овој член операторот има право да обезбедува јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги, односно да гради, работи и управува со јавна електронска комуникациска мрежа или да овозможи достапност на истата, согласно со овој закон. Согласно овој законски основ секоја компанија која ќе ги испочитува законските одредби и ќе се нотифицира може непречено да ја обезбедува услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. Според тоа пречка од ваков административен вид како бариера на пазарот не постои.

- Ограничувања и услови поврзани со употребата на радиофреквенцискиот спектар

Наведената бариера не се однесува на пазарот кој е предмет на оваа анализа.

- Влијание на начинот на кој е поставена регулативата за нови оператори/учесници кои планираат да влезат на пазарот

АЕК смета дека не постојат одредби во ЗЕК или подзаконските акти, со кои може да се оневозможи на операторот кој ја изградил сопствената мрежа да оствари влез на пазарот обработен во овој документ и да започне да обезбедува комерцијална услуга за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација.

❖ Заклучок за постоење на високи и постојани бариери за влез на релевантниот пазар

Врз основа на горе образложениот прв критриум за постоење на високи и постојани бариери за влез на релевантниот пазар кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа, АЕК констатира дека не постојат бариери за влез на пазарот. Ваквиот заклучок на АЕК се темели на зголемениот развој на NGA, се поголемото користење на пакетирање на услугите, обезбедување на услугата за пристап до фиксна телефонија од кабелските оператори, зголемена достапност и употреба на менаџиран ВоИП, транзиција од традиционалните PSTN мрежи во модерни “All-IP” решенија, се поголема искористеност на големопродажните услуги преку ULL и WBA, еднаквото користење на економиите на обем и на интеграција од страна на алтернативните оператори и СМП операторот и високо развиените дистрибутивни и продажни мрежи на алтернативните оператори и СМП операторот. Сите овие причини имаа значителна улога во намалувањето т.е елиминирањето на бариерите за влез на пазарот за фиксна телефонија.
АЕК смета дека ваквите промени се очекува да продолжат и во иднина.

9.2 Втор критериум - Структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамки на релевантен временски период

Вториот критериум се однесува на анализирањето дали во отсуство на претходна регулација (ex-ante) пазарот има тенденција да има ефикасна конкуренција во временскиот интервал од три години до кога најдоцна треба да се спроведе следна анализа. Според работниот документ на Европската Комисија бр {(C(2007) 5406)} EXPLANATORY NOTE со вториот критериум треба да се покаже дали и при евентуалното постоење на високи бариери за влез на пазарот недостасува можноста за ефикасна конкуренција на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација во рамките на предметниот тригодишен период до следната анализа.

Анализата на горенаведениот критериум треба да доведе до заклучок дали структурата на пазарот обработена во овој документ се стреми кон развој на ефективна конкуренција. Анализата на овој критериум би требало да се движи во насока на проверка на условите на пазарот кои водат кон ефективна конкуренција. Исто така потребно е да се утврди дали и покрај постоење на потенцијални бариери за влез на пазарот, во перспективен период од три години би можело да се очекува истиот да се развива и движи кон ефективно конкурентен пазар. Желбата за развој на одржлива конкуренција во соодветен временски период, не значи дека истото ќе се случи за краток временски период но значи дека со анализата е утврдено дека постои одредена динамика на пазарни настани кои може да доведат до ефикасна пазарна конкуренција.

При разгледувањето на овој критериум ЕК препорачува разгледување на неколку показатели кои ја опишуваат динамиката на развој на ефективна конкуренција на пазарот:

- пазарен удел
- ценовен тренд и ценовно однесување
- контрола на инфраструктура која не се дуплира едноставно
- диверзификација на производи/услуги (пакетирани производи/услуги)
- бариери за проширување
- потенцијална конкуренција

Пред да се започне со анализирање на показателите за динамиката за развој на ефективна конкуренција на пазарот АЕК сака да напомене дека показателите Контрола на инфраструктурата која не се дуплира едноставно и Диверзификација на производи/услуги (пакетирање на производи/услуги) беа анализирани во првиот критериум на три критериум тестот.

- Пазарен удел

Пазарниот удел на операторите на релевантните пазари е значаен показател за пазарната моќ на истите.

На пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација во Р.Македонија делуваат повеќе оператори. Согласно извештајот за развој на пазарот за електронски комуникации за четвртиот квартал од 2015 година од 32 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК 27 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација, и тоа:

1. Македонски Телеком-Скопје,

2. Оне.ВИП- Скопје,

3. Близу- Скопје,

4. Роби- Штип,

5. Неотел- Скопје,

6. Инфел Нет Плус- Охрид,

7. Актон-Скопје,

8. Пц4алл- Скопје,

9. Туше- Охрид,

10. Нетплус- Охрид,

11. Албан Нет- Дебар,

12. М- Инженеринг- Штип,

13. Ријад Нет – Дебар,

14. Нетплус комуникации- Скопје,

15. Сторк Импекс- Скопје,

16. Турк Телеком Интернатионал - Скопје,

17. ГИВ Иван- Гостивар,

18. Нет Кабел- Струмица,

19. Телесмарт Телеком- Скопје,

20. Алтар Сат-Охрид,

21. Санет Кабелсат-Струмица,

22. Нет Конект-Скопје,

23. Кабле Калл – Кичево,

24. Филаделфија 2002 – Скопје,

25. ФНС Глобал – Скопје,

26. Винсакт Кабел – Виница,

27. Дип Блу Плус – Прилеп

Иако според службената евиденција горенаведените оператори се активни на пазарот само дел од нив имаат активни претплатници. Имено подолу наведените оператори се активни за обезбедување на фиксна телефонија на пазарот на електронски комуникации и имаат активни претплатници според податоците на АЕК заклучно со 01.01.2016 год, односно до периодот опфатен со оваа анализа.

1. Македонски телеком Скопје, ул.„Кеј 13-ти Ноември“ бр.6 Скопје,
2. ОНЕ Скопје, ул.„Кузман Јосифовски Питу“ бр. 15 Скопје,
3. БЛИЗУ Скопје, ул.3-та Македонска Бригада бр.ББ,
4. НЕОТЕЛ Скопје, Бул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр. 15 Скопје,
5. РОБИ Штип, ул. Ванчо Прќе бр.88 Штип,
6. АЛТРА САТ Охрид, бул. „Македонски Просветители“ бб Т.Ц. Охриѓанка Охрид,
7. ИНФЕЛ НЕТПЛУС Охрид, ул. Богомилска бр.Б1, 6000 Охрид,
8. ГИВ Гостивар Гостивар, Бул.„Браќа Гиноски“ бр.217 Гостивар,

Со утврдување на големината на пазарот и учеството на секој поединечен учесник се утврдува дали некој оператор поседува значителна пазарна моќ на пазарот или истиот се стреми кон ефикасна конкуренција. Со самиот факт што МКТ не е единствениот оператор кој обезбедува услуга пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација на овој малопродажен пазар може да се заклучи дека на пазарот постои конкуренција.

Промените во пазарниот удел помеѓу анализите ќе ни го покажат трендот на движење на пазарот, што ќе ни даде сознание дали состојбата на пазарот се стреми кон ефективна конкуренција или сеуште постои оператор/и со значителна пазарна моќ. Со спроведувањето на првата а по извесно време и втората анализа на овој релевантен пазар операторот Македонски Телеком АД е одреден дека поседува значителна пазарна моќ. АЕК смета дека во периодот од спроведувањето на првата анализа до периодот опфатен со третата анализа операторот Македонски Телеком АД се соочува со зголемена конкуренција на пазарот на пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација од страна на алтернативните оператори кои ја користат услугата за изнајмување на големо на претплатничка линија или физички пристап – битстрим или разврзана локална јамка (користејќи ја мрежата на МКТ), како и алтернативни оператори кои обезбедуваат управуван ВОИП во пакет со услугата широкопојасен пристап а за тоа користат сопствена мрежна инфраструктура (кабелски, Wimax или безжична мрежа).

Comment [ONE15]: Доколку се носи заклучок по бројот на оператори кои нудат услуги тогаш на прв поглед може да се добие впечаток дека на пазарот постои конкуренција. Доколку се земе во предвид пазарниот уделел на алтернативните оператори во тој случај во никој случај не можеме да донесеме заклучок дека на пазарот постои ефективна и ефикасна конкуренција.

Comment [A16]: Коментарот делумно се прифаќа и ќе се направи измена во финалниот текст на анализата. Имено текстот во кој што е посочен коментарот ќе гласи:Со самиот факт што МКТ не е единствениот оператор кој обезбедува услуга пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација на овој малопродажен пазар може да се заклучи дека конкуренцијата се развива и очекувано е во блиска иднина истата да зајакне. Имајќи предвид дека станува збор за пазар за фиксен пристап чија што главна услуга фиксната телефонија е во константен пад, АЕК смета а и три критериум тестот докажа дека овој пазар не подлежи на понатамошна регулација. Истото го потврдува и ЕК преку бришење на пазарот од листата на релевантни пазари подложни на ex-ante регулација.

Во следниот графикон подолу е прикажан трендот на движење на малопродажниот пазар на фиксна телефонија заклучно со 2015 год.



Графикон 6 Пазарен удел според број на претплатници

На графикот 7 е прикажан развојот на пазарниот удел на пазарот на фиксна телефонија од 2009 до 2015 год., помеѓу операторот Македонски Телеком АД и алтернативните оператори кои преку широкопојасен пристап до мрежа обезбедуваат услуга пристап врзана во пакет со управувани ВОИП услуги. На крајот на 2015г., пазарниот удел на Македонски Телеком АД изнесува 60,59% и е опаднат за 22,99% во однос на 2009г. за колку што всушност пропорционално пораснал уделот на алтернативните оператори во наведениот период.

Исто така од граффиконт може да се заклучи дека уделот на Мекедонски Телеком се намалува од година во година со исклучок на малиот раст од 2014 до 2015 година кој што раст всушност се должи на спојувањето на операторите Т-Мобиле АД Скопје и Македонски Телеком АД Скопје.

Од горенаведените податоци АЕК заклучи дека пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација се движи во насока на ефективна конкуренција. Пазарниот удел на прогласениот СМП оператор со претходните две анализи константно опаѓа на сметка на зголемувањето на пазарниот удел на алтернативните оператори.

Во периодот помеѓу првата и третата анализа, услугата за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација, освен од МКТ беше обезбедувана и од страна на дел од алтернативните оператори и тоа преку користење на некои од големопродажните услуги за пристап до мрежа кои ги обезбедува операторот МКТ (на пример разврзан пристап до локална јамка или изнајмување на големо на претплатничка линија), како и алтернативни оператори кои обезбедуваат управуван ВОИП во пакет со услугата широкопојасен пристап а за тоа користат сопствена мрежна инфраструктура (кабелски, Wimax или безжична мрежа).

Comment [ONE17]: Што АЕК подразбира под ефективна конкуренција имајќи го предвид фактот дека пазарниот уддел на МКТ изнесува 60,59%? Со ваков висок удел на еден оператор, а подалба на останатиот пазар помеѓу 7 алтернативни оператори не може да се каже дека е настанат некаков баланс на конкурентноста.

Од друга страна, трендот на раст на МТ и опаѓање на алтернативните оператори, при сеуште висок удел на МТ, дава јасна индикација дека конкуренцијата на пазарот не е во развој.

Comment [A18]: Иако пазарниот удел на СМП операторот е сеуште голем АЕК констатираше дека истиот бележи голем пад низ годините. Исто така како што истакнавме во претходните коментари АЕК смета дека големопродажните регулирани услуги на СМП операторот допринесуваат за развој на конкуренцијата на овој пазар. Поточно АЕК сака да истакне дека регулацијата на останатите големопродажни пазари во голема мерка придонесува за ограничување на пазарната моќ на операторот МКТ и без регулација на овој релевантен пазар. АЕК во претходниот коментар појасни дека главната услуга опфатена со овој пазар пристапот до мрежа заради обезбедување на фиксната телефонија е во постојано опаѓање и од тие причини и ЕК одлучи истиот да го избрише од листата на релевантни пазари подложни на ex-ante регулација.



Графикон 7 Пазарен удел според технологија на пристап

Во графикон бр 8 е даден пазарниот уделот на фиксни линии поделен според технологија на пристап. Како што може да се забележи најголем удел во 2015 година има бројот на (VoIP) линии преку бакарна мрежа кои учествуваат со 59,99%, по кои што следуваат линиите преку кабелски (коаксијални VoIP) мрежи со 17,34%. Од графиконот исто така може да се забележи дека во 2015 година споредено со 2014 година раст се забележува кај линиите преку кабелски мрежи од 2,83 проценти во однос на вкупниот пазар, потоа следуваат FTTH-линиите кои како удел во вкупниот број на линии во 2015 година прокажуваат раст од 1.16% проценти споредено со 2014 година, додека кај сите останати технологии се забележува намалување на пазарниот удел. Линиите со еден говорен канал во периодот од 2014 до 2015 година бележат намалување од 1.05 проценти, додека кај линиите преку безжични технологии се забележува намалување од 0,76 проценти во однос на вкупниот пазар.

Од податоците во горенаведениот графикон може да се заклучи дека линиите преку коаксијална мрежа VoIP како и FTTH-линиите се во постојан развој низ годините што всушност претставува движење на пазарот кон ефективна конкуренција. Имено се поголемото користење на технологиите преку кои алтернативните оператори ги обезбедуваат своите услуги доведува до заклучок дека конкуренцијата на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација се зголемува од година во година.

Според горенаведеното од аспект на овој критериум може да се заклучи дека операторот МКТ не е повеќе оператор со значителна пазарна моќ на малопродажниот пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација односно пазарот се движи во насока на ефективна конкуренција.

Comment [ONE19]: Оне.Вип смета дека во никој случај врз основ на пазарниот уддел на МКТ не може да се извлече заклучок дека операторот МКТ не е повеќе оператор со значителна пазарна моќ на малопродажниот пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација односно пазарот се движи во насока на ефективна конкуренција.

Comment [A20]: Коментарот делумно се прифаќа и ќе се направи измена во финалниот текст на анализата. Финалниот текст на анализата ќе гласи: Според показателот пазарен удел кој што е еден од повеќето при анализирањето на вториот критериум од три критерија тестот во иднина се очекува развој на ефективна конкуренција и намалување на бројот на пристапни линии кај најголемиот оператор за сметка на конкурентите. Од тие причини АЕК смета дека овој пазар не подлежи на претходна регулација и овој критериум не е исполнет.

- Бариери за проширување

Инсталираниот капацитет на мрежите кои овозможуваат пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е значителен. Покривањето на безжичните мрежи на алтернативните оператори е на целата територија на државата, исто така постојат и други кабелски и оптички мрежи во сопственост на други алтернативни оператори кои имаат значително покривање на територијата на државата. Проширувањето на понудите за пристап до мрежа на фиксна локација во случај на зголемувањето на побарувачката на истите би можела да се оставари без дополнителни трошоци направени од страна на операторите.

Во согласност со горекажаното АЕК дојде до заклучок дека на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација не постојат бариери за проширување.

- Потенцијална конкуренција

На малопродажниот пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација во моментот има 8 активни оператори кои ја обезбедуваат оваа услуга. Поголем дел од операторите ја обезбедуваат услугата преку сопствена мрежна инфраструктура но има и оператори кои преку користење на големопродажните услуги за пристап до мрежа на МКТ се јавуваат како учесници на пазарот. Според службената евиденција на АЕК , на пазарот на фиксна телефонија континуирано во периодот кој го опфаќа оваа анализа има пад на бројот на претплатници. Сепак од податоците кои што беа анализирани во погоренаведените поточки односно во делот пазарен удел би можело да се заклучи дека иако бројот на претплатници опаѓа од година во година бројот на корисници на алтернативните оператори расте на сметка на намалувањето на бројот на претплатници на СМП операторот МКТ. Ваквото движење на бројот на претплатниците и менувањето на пазарниот удел на пазарот укажува на фактот дека пазарот се движи во насока на ефективна конкуренција.

Постои појава на нови помали оператори кои ја обезбедуваат услугата пристап но во исто време на пазарот се случија и спојувања на некои помали оператори кон поголемите оператори со што се зголемува територијата на покривање, пазарниот удел и сопствената мрежна инфраструктура на алтернативните оператори.

Се случи спојување на еден од поголемите кабелски оператори а тоа е операторот БЛИЗУ СКОПЈЕ кон новиот оператор Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје. Со Допис доставен на АЕК од 08.08.2014 година од Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, регулаторот беше информиран за промена на сопственоста и новиот сопственик на компанијата е “мобилком Маседониен Бетеилунгунгсверввалтунг Гмбх” со седиште на улица Ласалштрасе бр 9 во Виена. Оваа компанија истовремено е и сопственик на поранешниот ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје односно има поголем сопственички удел во новиот оператор Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје. Ова превземање што се случи на пазарот на електронските комуникации во август 2014 година, е важно за пазарот за пристап до јавна електронска

комуникациска мрежа на фиксна локација поради тоа што операторот БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје е еден од двата најголеми кабелски оператори на пазарот.

Операторите ОНЕ ДОО Скопје и ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје имаа доставено нотификација за прекин и нотификација за започнување со работа на ново настанатиот оператор Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје (во продолжение: ОНЕ.ВИП ДОО) под бр. уп1-бр.0701-747 од 01.10.2015. За нив од страна на АЕК се изготвени решенија за прекин и започнување со работа на ден 01.10.2015 година. Со Допис бр 0201-1845/1 од 03.05.2016 година АЕК беше известена дека Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ престанува да постои и истото се спојува кон операторот ОНЕ.ВИП ДОО. Со ова спојување операторот ОНЕ.ВИП ДОО значително ја зајакнува сопствената пазарна позиција што е од големо значење за конкретниот релевантен малопродажен пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација.

Операторот БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ во изминатите неколку години спроведе неколку спојување на помали кабелски оператори преку кои континуирано ја зголеми сопствената пазарна позиција и настап на подрачје и градови каде претходно не поседува сопствена кабелска мрежна инфраструктура. Согласно податоците од Комисијата за заштита на конкуренција тоа се следните спојувања:

Гив од Гостивар, Г-Он од Дебар, Г-Катв од Струга, Алтра Сат од Охрид, Инел Интернационал од Кавадарци, Ани Кабел од Скопје, Астра Плус од Кочани, Филаделфија 2002 од Кочани, Кабел Риз од Кочани, Систем Кабел од Скопје, Спејс Тел Нет од Скопје, Каблекал од Кичево, Нет - Кабел од Струмица, Кабел - нет од Струмица, Студио Андес од Радовиш, ИП Системс од Куманово и БТВ – Нет од Битола. Преку спојување на овие локални помали оператори операторот Близу сериозно го зголемил сопствениот пазарен удел како и сопствената мрежна инфраструктура.

АЕК очекува дека и во иднина би се појавиле нови оператори, пред се поради либералниот влез на овој пазар, кои од горенаведените причини на технолошкиот развој на мрежите и непостоењето на други бариери за влез на пазарот би можеле нивната моќ да ја развијат во голем степен што би допринело до развој на потенцијалната конкуренција на пазарот.

Според горенаведеното, АЕК констатира дека на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација постои ефективна конкуренција која што во иднина би можела дополнително да се зголеми со појава и влез на нови оператори на пазарот.

- Заклучок за Структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамки на релевантен временски период

Во претходниот критериум беше заклучено дека не постојат релевантни бариери за влез на разгледуваниот пазар. Во овој дел, беше дополнително забележано дека компаниите кои што влегле на релевантниот пазар започнале со нудење на услуги конкурентни на услугите на СМП операторот со што успеале да ја зголемат својата база на претплатници. Ваквиот податок

покажува, од една страна, непостоење на бариери за влез на пазарот а, од друга страна, релативно еластична побарувачка.

Овој фактор, игра многу важна улога во оценката за вториот кумулативен критериум, со оглед на тоа, што е наведено во Препораката за релевантни пазари од страна на Европската комисија "(...) потребно е да се испита дали индустријата доживува чести и успешни влегувања на нови учесници и дали влезот кој што се остварил или е веројатно во иднина да биде остварен е доволно непосреден и постојан за да ја ограничи пазарна моќ ".

Во секторот кој покажува чести и успешни влезови на оператори на пазарот, што е докажано со зголемување на пазарниот удел на алтернативните оператори, како и ценовната осетливост на страната на претплатниците во поглед на цената на услугите може да се заклучи дека постои конкурентен притисок при формирање на цената за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација.

Анализата исто така, покажа дека пазарниот удел на операторот МКТ се намалува со текот на годините, додека алтернативните оператори се повеќе го зголемуваат својот удел во понудите на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација.

Дополнително, АЕК би сакала да истакне дека релевантниот пазар покажува зголемена конкурентна динамика во обезбедувањето на нови видови на пристап преку кои е овозможено обезбедувањето на фиксни телефонски услуги.

Имено пристапот преку коаксијална кабелска мрежа ВоИП кој што има покривање скоро на целата територија на државата се обезбедува со релативно ниски маргинални трошоци. Зголеменото користење на пакетирани услуги во кои услугата пристап до мрежа на фиксна локација е вклучен а исто така го намалуваат трошокот за обезбедување на услугата допринсуваат за зголемување на конкурентскиот притисок на релевантниот пазар.

Во врска со вториот критериум кој што се однесува на Структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамки на релевантен временски период АЕК смета дека анализираните податоци покажуваат дека истиот не е исполнет.

9.3 Трет критерум - Недоволност на Законот за заштита на конкуренција (во услови на непостоење на ex-анте регулација) за регулирање на релевантниот пазар

Третиот критериум се однесува на проценката дали правото на заштита на конкуренцијата е доволно за надминување на неефикасна конкурентна средина која што се претпоставува дека постои на пазарот.

Во Р.Македонија органот овластен да го применува правото на заштита на конкуренцијата е Комисијата за заштита на конкуренцијата. Нејзината основна дејност претставува ex-post регулација на пазарите. Во тој случај регулаторни мерки се применуваат кога ќе се утврди дека од даден учесник на пазарот се извршени активности кои доведуваат до нарушување на конкуренцијата. Тоа е и суштинската разлика во однос на примената на ex-ante регулација,

каде наметнувањето на одредени обврски има за цел да го спречи нарушувањето на условите за конкуренција. Во случај на ex-ante регулација контролата се врши превентивно, за разлика од принципот типичен за активностите на Комисијата за заштита на конкуренцијата за подоцнежна контрола.

Согласно член 11 „Злоупотреба на доминантна позиција“ став (1) од Законот за заштита на конкуренција „забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел“. Во член 11 став (2) од истиот закон се дадени 6 особени случаи на злоупотреба на доминантна позиција, при што оваа листа не е исцрпна и конечна. Односно, доколку за одредено однесување кое не е наведено во овие 6 особени случаи се утврди дека претставува злоупотреба на доминантна позицијаа, истото може да се подведе под општата забрана за злоупотреба на доминантна позиција.

Во член 48 „Истражување во одделни сектори на економијата и одделни видови на договори став (1) од Законот за заштита на конкуренција, е определено дека „ако постојат околности кои укажуваат на можноста конкуренцијата да биде нарушена, КЗК може да спроведе истражување во определен сектор на економијата или за определен вид на договори во различни сектори на економијата“.

Во членот 52 „Мерки за воспоставување на ефективна конкуренција“ став (1) е дефинирано дека КЗК „може на сторителот на прекршокот со решение да му наложи потребни мерки на однесување и структурни мерки за отстранување на штетните последици од нарушувањето на конкуренцијата настанати со прекршокот и да определи рокови за нивно извршување“.

Во член 59 „Потешки прекршоци“ став (1) точка 2) „Комисијата за одлучување по прекршок на претпријатието односно здружението на претпријатија со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од Законот за заштита на конкуренција“.

Искуствата на АЕК во врска со регулацијата на пазар на електронските комуникации укажуваат дека операторот кој поседува значителна пазарна моќ може да превземе широк спектар на постапки со цел одложување и/или спречување на ефективната конкуренција. Меѓутоа како што наведовме во претходните два критериуми појавата на паралелни мрежни инфраструктури од кои некои се развиени скоро на целата територијата на РМ, зголемувањето на пазарниот удел од година во година на алтернативните опратори, непостоењето на бариери за влез на пазарот и ред други подкритериуми допринесуваат АЕК да заклучи дека пазарна моќ на операторот МКТ на овој релевантен пазар е ограничена. Врз основа на наведената пазарна состојба Агенцијата смета дека правото на заштита на конкуренцијата е доволно за корегирање и санкционирање на определени прекршоци и видови на злоупотреба на доминантната пазарна моќ од страна на операторот кој ја има. На тој начин ex-post регулација на конкретниот релевантен малопродажен пазар би била доволна, при што се доаѓа до заклучок дека и третиот критериум за примена на ex-ante регулација не е исполнет.

Comment [ONE21]: Сметаме дека ex-post регулација на конкретниот релевантен малопродажен пазар во случај на огромниот пазарен уддел на МКТ не преставува ефикасен модел за заштита на алтернативните оператори од евентуална злупотреба на пазарната моќ на операторот со значителна моќ ако се има во предвид вообичаеното времетраење на иницирана ex-post постапка за утврдување на злоупотреба.
Долгите временски рокови можат исклучително да влијаат врз работата на алтернативниот оператор предизвикувајќи значителни негативни финансиски ефекти доведувајќи ја прашање егзистенцијата и постоењето на алтернативниот оператор.

Не помалку значајно е тоа што до сега не постои пример на одлучување на КЗК, како надлежно тело за спроведување на ex-post постапки на овој, или било кој друг релевантен пазар.

Comment [A22]: Како што беше наведено во претходните два критериуми појавата на паралелни мрежни инфраструктури од кои некои се развиени скоро на целата територијата на РМ, зголемувањето на пазарниот удел од година во година на алтернативните опратори, непостоењето на бариери за влез на пазарот и ред други подкритериуми допринесуваат АЕК да заклучи дека пазарна моќ на операторот МКТ на овој релевантен пазар е ограничена. При услови на ограничена пазарна моќ на операторот МКТ АЕК смета дека Законот за заштита на конкуренција е ефикасен модел за заштита на алтернативните оператори од евентуална злупотреба на пазарната моќ. Начините на кои Законот за заштита на конкуранција би можел да се искористи за спречување на злоупотреба на пазарната моќ се наведени во анализата на третиот критериум од три критериа тестот.

❖ Заклучок за Недоволност на Законот за заштита на конкуренција (во услови на непостоење на ex-ante регулација) за регулирање на релевантниот пазар

Како што наведовме погоре во анализираниот трет критериум АЕК смета дека Законот за заштита на конкуренција или ex-post регулацијата е доволна за ефективно и во кратка временска рамка отстранување на сите нарушувања на конкуренцијата кои би се појавиле на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација. Исто така АЕК смета дека на релевантниот пазар не постои оператор кој има моќ да делува независно од останатите оператори и крајни корисници. Од претходно кажаното АЕК заклучи дека и третиот критериум за примена на ex-ante регулација не е исполнет.

9.4 Заклучок од примена на тестот на трите критериуми

По примената на тестот на трите критериуми може да се дојде до заклучок дека пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација кумулативно не ги задоволува трите применети критериуми:

- присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа,
- структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамките на релевантен временски период;
- Законот за заштита на конкуренцијата не е доволен сам да ги разреши проблемите на пазарот.

Според тоа овој пазар не е неопходно да биде подложен на претходна регулација односно потребно е отповикување на обврските за регулирање на овој релевантен малопродажен пазар.

Најважните критериуми кои АЕК ги анализираше при проценка на состојбата дали пазарот има потреба од ex-ante регулација се: високи и постојани бариери за влез на пазарот, контрола на инфраструктура која неможе лесно да се дуплира, технолошки предности, економија на обем и економија на интеграција, високо развиена дистрибутивна и продажна мрежа, диверзификација на производи/услуги, пазарен удел на операторите, бариери за проширување, потенцијална конкуренција, недоволност на законот за заштита на конкуренција сам да ги реши проблемите на пазарот.

Во горенаведените критериуми АЕК дојде до заклучок дека движењето на пазарниот удел на операторите е симетрично во текот на годините. Поточно пазарниот удел на МКТ операторот се намалува на сметка на симетричното зголемување на уделот на алтернативните оператори. Алтернативните оператори го зголемиле својот пазарен удел со помош на користењето на

Comment [ONE23]: Од погоре наведените причини не се согласуваме со заклучокот на АЕК дека Законот за заштита на конкуренција или ex-post регулацијата е доволна за ефективно и во кратка временска рамка отстранување на сите нарушувања на конкуренцијата кои би се појавиле на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација.

Comment [A24]: Одговорот е даден од коментар [A22]

Comment [ONE25]: Од нашите коментари како и посочениот пазарен уддел на МКТ сметаме дека структурата на овој пазар има тенденција кон неефективна конкуренција во рамките на релевантен временски период.Како потврда на нашето тврдење е тоа дека пазарниот уддел на МКТ во последните 5 години е речиси идентичен со минимален пад.

Comment [A26]: Анализата покажа дека пазарниот удел на операторот МКТ се намалува со текот на годините, додека алтернативните оператори се повеќе го зголемуваат својот удел во понудите на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација. Во овој дел, беше дополнително забележано дека компаниите кои што влегле на релевантниот пазар започнале со нудење на услуги конкурентни на услугите на СМП операторот со што успеале да ја зголемат својата база на претплатници. Ваквиот податок покажува, од една страна, непостоење на бариери за влез на пазарот а, од друга страна, релативно еластична побарувачка. Дополнително, АЕК би сакала да истакне дека релевантниот пазар покажува зголемена конкурентна динамика во обезбедувањето на нови видови на пристап преку кои е овозможено обезбедувањето на фиксни телефонски услуги. Имено пристапот преку коаксијална кабелска мрежа ВоИП кој што има покривање скоро на целата територија на државата се обезбедува со релативно ниски маргинални трошоци. Зголеменото користење на пакетирани услуги во кои услугата пристап до мрежа на фиксна локација е вклучен а исто така го намалуваат трошокот за обезбедување на услугата допринсуваат за зголемување на конкурентскиот притисок на релевантниот пазар. Од сето погоренаведено АЕК заклучи дека вториот критериум од три критериум тестот не е исполнет.

Comment [ONE27]: Сметаме дека Законот за заштита на конкуренцијата не е доволен сам да ги разреши проблемите на пазарот пред се од аспект на времетраењето на ex-post регулацијата која не е доволна за ефективно и во кратка временска рамка отстранување на сите нарушувања на конкуренцијата кои би се појавиле на пазарот за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација

Comment [A28]: Одговорот е даден од коментар [A22]

Comment [ONE29]:

големорподажните услуги понудени од СМП операторот како и со изградба и проширување на своите независни сопствени мрежи.

АЕК исто така ја образложи и се поголемата инвестиција и изградба на нови конкуретни мрежи и инфраструктури од страна на алтернативните оператори.

Во критериумите беше детално анализирано и се поголемото користење на пакетираните услуги претежно базирани на бродбенд пристапот кои што ја зголемуваат конкуренцијата на релевантниот пазар.

Во согласност со горекажаното АЕК заклучи дека сите критериуми кои што беа анализирани при изработка на три критериум тестот се од особено значење во проценката на движењето на пазарот кон ефективна конкуренција и јасно докажаа дека понатамошната ex-ante регулација на релевантниот пазар не е потребна.

Согласно членот 82 ставот 3 од ЗЕК – доколку Агенцијата врз основа на анализа на релевантен пазар утврди дека пазарот е ефективно конкурентен, нема да определи ниту еден оператор како оператор со значителна пазарна моќ согласно со членот 76 став 1 и 2 од ЗЕК. Доколку пазарот не бил конкурентен претходно (како што е случајот со овој релевантен пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација), Агенцијата е должна да ги отповика сите одлуки за определување на оператори со значителна пазарна моќ на тој пазар.

Согласно членот 82 ставот 4 од ЗЕК, при отповикување на обврските од ставот 3 на истиот член, Агенцијата ги ослободува и од обврските кои ги имале како оператори со значителна пазарна моќ согласно ЗЕК.

10. Отповикување на обврски на оператор со значителна пазарна моќ – малопродажен пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација

Врз основа на спроведениот три критериум тест на релевантниот малопродажен пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација**,** спроведен во согласност со член 80 став 2 од Законот за електронските комуникации, АЕК констатира дека неопходниот услов сите три критериуми да се исполнети не е остварен. Според тоа може да се констатира дека тој пазар повеќе не е подложен на претходна “ex ante” регулација со што обврските кои со претходна анализа на операторот со значителна пазарна моќ Македонски Телеком АД Скопје се наметнати со Решение бр. 1302-1454 од 30.12.2014 год, врз основа на заклучоците образложени во овој документ, ќе бидат отповикани.

Имено, АЕК заклучи дека малопродажниот пазар за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација, дефиниран во Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација бр.02-5015/1 од 23.09.2010

година, 02-2010/2 од 15.04.2011 година и 0307-1276/2 од 07.05.2014 година во член 3 точка 1. Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација е ефикасно конкурентен. Врз основа на тоа, во согласност со член 82 став 3 од Законот за електронските комуникации АЕК ја отповикува Одлуката за определување на оператор со значителна пазарна моќ, доставена на Македонски Телеком АД Скопје со Решение бр. 1302-1454 од 30.12.2014 година.

Дополнително, АЕК во согласност со член 82 став 4 од Законот за електронските комуникации го ослободува Македонски Телеком АД од обврските кои ги имаше како оператор со значителна пазарна моќ, наметнати со Решение бр. 1302-1454 од 30.12.2014 година.

Предлог Одлука за отповикување на оператор со значителна пазарна моќ и отповикување на регулаторни обврски:

Врз основа на член 24 став (1) алинеа (5), а во врска со членовите 79, 80, 81 и членот 82 ставови (3) и (4) од Законот за електронски комуникации (Службен Весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), во постапката за преиспитување на утврден релевантен пазар на производи и услуги и определување на оператор со значителна пазарна моќ на определен релевантен пазар, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден __.__.2016 го донесе следното

О Д Л У К А

I

Во согласност со ставот (3) од членот 82 од Законот за електронските комуникации, СЕ ОТПОВИКУВА решението број 1302-1454 од 30.12.2014 година со кое операторот Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје, е определен за оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници

II

Во согласност со ставот (4) од членот 82 од Законот за електронски комуникации на Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје му се отповикуваат следните регулаторни обврски претходно наметнати во согласност со ставот (2) од членот 91 од Законот за електронски комуникации, кои содржат забрана за:

- Наплаќање на превисоки цени
- Спречување на влез на пазарот
- Ограничување на конкуренцијата со воведување на предаторски цени
- Без причина давање на неоправдани привилегии на одредени крајни корисници
- Неразумно врзување на услугите во пакет

Comment [ONE30]: Сметаме дека отпивикувањето на овие регулаторни обврски дава можност на МКТ за невно искористување во насока на елиминирање на алтернативните оператори и зголемување на својот пазарен уддел.

Comment [A31]: Текстот на целата анализа а посебно делот на три критериум тестот покажа дека анализираниот релевантен пазар повеќе не подлежи на ex-ante регулација. Имено АЕК смета дека регулацијата на останатите големорпродажни пазари на кои што операторот МКТ е прогласен за оператор со значителна пазарна моќ се доволни да обезбедат услови за развој на конкуренцијата и пазарниот натпревар. Од причини што главната услуга кој што се обезбедува на овој пазар пристап до мрежа за користење на услуги на фиксна телефонија е во постојано опаѓање не сметаме дека дерегулацијата на овој релевантен пазар ќе допринесе до зголемување на пазарната моќ на некој од операторите. Од горенавдените причини и ЕК го избриша релевантиот пазар од листата на пазари подложни на ex-ante регулација.

На Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје му се отповикува наметнатата мерка контрола на поединечни цени, претходно наметната во согласност со алинеа 2) од ставот (3) од членот 91 од Законот за електронските комуникации.

III

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

IV

Одлуката е конечна.

V

По донесувањето на оваа одлука истата во рок од три дена ќе биде објавена на веб страната на АЕК

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации изврши анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало, Пазар бр. 1 - пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници.
Во нацрт документ од анализата на Пазар бр. 1 - пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници заведен под број _____од 15.09.2016 година е утврдено дека овој релевантен малопродажен пазар повеќе не го исполнува три критериум тестот, односно не се исполнети сите три критериуми кумулативно за да пазарот подлежи и понатаму на претходна (ex-ante) регулација согласно членот 80 став (2) од Законот за електронските комуникации. Агенцијата врз основа на анализа на релевантен пазар утврди дека пазарот е ефективно конкурентен при што не определи ниту еден оператор како оператор со значителна пазарна моќ согласно со членот 76 ставови (1) и (2) од Законот за електронските комуникации.
Според тоа, согласно членот 82 став (3) од Законот за електронски комуникации, операторот Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје, повеќе не поседува значителна пазарна моќ на овој релевантен малопродажен пазар. Според членот 82 став (4) од истиот Закон се отповикуваат обврските кои се наметнати со Решение бр. 1302-1454 од 30.12.2014 година.
Со оглед на сето ова погоре наведено, а врз основа на членот 24 став (1) алинеја 5, а во врска со членовите 79, 80, 81 и членот 82 ставови (3) и (4) од Законот за електронските комуникации (Службен Весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

11. Заклучок

Врз основа на спроведената анализа, АЕК утврди дека операторот Македонски Телеком АД Скопје кој со претходната анализа беше определен за оператор со значителна пазарна моќ повеќе не ја поседува истата на разгледуваниот релевантен пазар. Според тоа на операторот Македонски Телеком АД определен како оператор со значителна пазарна моќ на овој релевантен пазар согласно член 82 (став 3 и 4) од ЗЕК му се отповикуваат следните регулаторни обврски кои содржат забрана за:

- **Наплаќање на превисоки цени**
- **Спречување на влез на пазарот**
- **Ограничување на конкуренцијата со воведување на предаторски цени**
- **Без причина давање на неоправдани привилегии на одредени крајни корисници**
- **Неразмно врзување на услугите во пакет**

На Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје му се отповикува наметнатата мерка контрола на поединечни цени

Изработил:
Александар Коцевски

Раководител на Одделение за анализа на пазарите
Марјан Пејовски

Раководител на Сектор за регулатива
Кристина Божиновска

ДИРЕКТОР
Сашо Димитријоски

Наш број _____
Скопје, 09.11.2016